# ЗАКОН ЗА ЕНЕРГЕТСКА ЕФИКАСНОСТ (*)
## Редакциски пречистен текст[1]

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

### Предмет на уредување

### Член 1

Со овој закон се уредуваат:

1) ефикасното користење на енергијата;

2) политиката на енергетска ефикасност;

3) надлежностите на Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини (во натамошниот текст: министерство) за спроведувањето на овој закон;

4) обврските на јавниот сектор во однос на енергетската ефикасност и потрошувачката на енергија;

5) обврзувачката шема и алтернативните мерки за енергетска ефикасност;

6) енергетските контроли на големите трговци;

7) енергетската ефикасност при производство, пренос, дистрибуција и снабдување;

8) вршењето на енергетските услуги и начините на финансирање на мерки за поддршка на енергетската ефикасност;

9) енергетската ефикасност на зградите; и

10) означувањето на потрошувачката на енергија и еко дизајнот на производите кои користат енергија.

### Цели на законот

### Член 2

(1) Целта на овој закон е да се обезбеди:

1) намалување на енергетските потреби преку ефикасно користење на енергијата со имплементирање на мерки за енергетска ефикасност;

2) остварување на целите за одржлив развој на енергетиката преку:

- намалување на потрошувачката на енергија со примена на мерки за енергетска ефикасност и намалување на негативното влијание врз околината и

* Со овој закон се транспонираат одредбите од Директивата 2012/27/EU за енергетска ефикасност и Директивата 2010/31/EC за енергетски карактеристики на зградите, како што се усвоени и изменети од Министерскиот совет на Енергетската заедница.

(*) Со овој закон се врши усогласување со Директивата (ЕУ) 2018/2002 на Европскиот парламент и на Советот од 11 декември 2018 година за изменување на Директивата 2012/27/ЕУ за енергетска ефикасност (CELEX бр. 32018L2002) и Директивата 2009/33/ЕУ на Европскиот парламент и на Советот од 23 април 2009 година за промоција на чисти и енергетски ефикасни возила за патен транспорт (CELEX бр.32009L0033) .

[1] Редакциски пречистениот текст на Законот за енергетска ефикасност ги опфаќа: основниот текст на Законот, објавен во “Службен весник на РСМ“ бр.32/20, Законот за изменување на Законот за енергетска ефикасност, објавен во “Службен весник на РСМ“ бр.110/21, Законот за изменување и дополнување на Законот за енергетска ефикасност, објавен во “Службен весник на РСМ“ бр.236/22, Законот за изменување и дополнување на Законот за енергетска ефикасност, објавен во “Службен весник на РСМ“ бр.147/24, Законот за изменување на Законот за енергетска ефикасност, објавен во “Службен весник на РСМ“ бр.74/25, Законот за изменување и дополнување на Законот за енергетска ефикасност, објавен во “Службен весник на РСМ“ бр.193/25 и Законот за изменување и дополнување на Законот за енергетска ефикасност, објавен во “Службен весник на РСМ“ бр.134/26, во кои е означено времето на нивното влегување во сила и примена.

- ефикасност при производство, пренос и дистрибуција на енергија;

3) зголемување на енергетската ефикасност во областа на домувањето и градежништвото преку подобрување на енергетските карактеристики на зградите;

4) зголемување на енергетската ефикасност во јавниот сектор, големите трговци, транспортниот сектор и производите кои користат енергија;

5) зголемување на енергетската ефикасност со искористување на обновливите извори на енергија и

6) создавање на услови за вршење на енергетските услуги, како и развивање на пазарот преку достапноста на услуги и производи со кои се зголемува енергетската ефикасност.

(2) За остварувањето на целите од ставот (1) на овој член, лицата од јавниот сектор, лицата од јавниот сектор на државно ниво, потрошувачите, вршителите на енергетските дејности согласно Законот за енергетика (*) , малитесредните и големите трговци и ЕСКО, го применуваат принципот „енергетската ефикасност на прво место" согласно кој им се дава приоритет на алтернативите на исплатливи мерки во енергетската ефикасност при енергетското планирање, како и при донесување на одлуки за соодветните политики и инвестиции, со цел побарувачката на енергија и снабдувањето со енергија да се направат поефикасни, особено преку трошковно-ефективни заштеди на енергијата за крајна употреба, поефикасна конверзија, пренос и дистрибуција на енергијата и иницијативи за одговор на потребата од енергија.

## Дефиниции

### Член 3

(1) Одделните изрази употребени во овој закон го имаат следново значење:

1) **„енергетска ефикасност"** е сооднос помеѓу остварениот корисен учинок и внесот на енергија за остварување на тој корисен учинок;

2) **„енергетска контрола"** е систематизирана постапка за утврдување на постојната потрошувачка на енергија, препознавање и квантификација на економски оправдани можности за заштеда на енергија во згради или група на згради, индустриски процеси или постројки, или во јавни или приватни услужни дејности и опфаќа подготовка на извештај за енергетската контрола;

3) **„енергетска услуга"** е физичка корист, полезност или добро добиени со комбинација на енергија од енергетски ефикасна технологија или со некое дејство, коешто може да вклучува операции, одржување и контрола неопходни за давање на услугата, коешто се испорачува врз основа на договор и во нормални околности се покажало дека резултира со проверливо и мерливо или проценливо подобрување на енергетската ефикасност или заштеда на примарна енергија;

4) **„ефикасно централно греење и ладење"** е систем за централно греење или ладење со користење на најмалку 50% обновлива енергија, 50% отпадна топлина, 75% топлина од комбинирано производство или 50% од нивна комбинација;

5) **„ефикасно греење и ладење"** е опција за греење и ладење која, во споредба со основното сценарио кое рефлектира вообичаена ситуација, значително го намалува користењето на примарна енергија потребна за снабдување на една единица на испорачана енергија во рамките на соодветна

граница на системот на трошковно-ефективен начин, како што е оценето во анализата на трошоци и придобивки, земајќи ја предвид енергијата потребна за екстракција, конверзија, транспорт и дистрибуција;

6) **„ефикасно поединечно греење и ладење“** е опција за поединечно греење и ладење која, во споредба со ефикасното централно греење и ладење, мерливо го намалува внесот на необновлива примарна енергија потребна за снабдување на една единица на испорачана енергија во соодветна граница на системот или бара ист влез на необновлива примарна енергија, но со помал трошок, земајќи ја предвид енергијата потребна за екстракција, конверзија, транспорт и дистрибуција;

7) **„комбинирано производство на енергија“** е истовремено производство во еден процес на топлинска, електрична и/или механичка енергија;

8) **„високоефикасна комбинирана постројка“** или „ВЕКП“ е постројка што произведува електрична и топлинска енергија со висок коефициент на полезно дејство на постројката и ги исполнува пропишаните барања од членот 25 од овој закон и поблиските барања пропишани согласно Правилникот за ВЕКП и гаранции за потекло на електрична енергија произведена од ВЕКП;

9) **„топлинска енергија“** е манифестација на енергија како топлина содржана во носителот на енергијата (цврста, течна или гасна состојба), а се пренесува при постоење на разлика на температурата;

10) **„потрошувач“** е физичко или правно лице кое набавува енергија за сопствена финална употреба;

11) **„потрошувачка на финална енергија“** е вкупната потрошувачка на енергија од страна на сите потрошувачи (домаќинствата, индустријата, земјоделството, транспортот, јавниот и приватниот сектор), не вклучувајќи ја испораката на енергијата до секторите за претворање на енергија и до самата енергетска индустрија;

12) **„потрошувачка на примарна енергија“** е вкупната потрошувачка на енергија со исклучок на неенергетската потрошувачка;

13) **„мерка за подобрување на енергетска ефикасност“** е секоја мерка со чија примена се постигнува намалување на потрошувачката на енергија и/или вода што може да се измери, потврди или процени, при што се задржува или подобрува степенот на комфор во објектите за живеење и работење или се намалува енергетскиот интензитет за единица производ во индустријата, односно се користи помалку енергија при ист или зголемен квалитет и квантитет на производство;

14) **„подобрување на енергетската ефикасност“** е зголемување на енергетската ефикасност како резултат на технолошки промени, промени во однесувањето и/или економски промени;

15) **„паметен систем за мерење“** е електронски систем кој ја мери потрошувачката на енергија, обезбедувајќи повеќе информации отколку конвенционалното броило, и кој може да пренесува и прима податоци преку електронска комуникација;

16) **„економски оправдана побарувачка“** претставува побарувачка што не ја надминува потребата од греење или климатизација и којашто инаку би била задоволена при пазарни услови преку процеси на производство на енергија различни од процесот на комбинирано производство на енергија;

17) **„економски оправдано ниво“** е ниво на енергетски карактеристики кои водат кон најниски трошоци во текот на проценетиот економски животен век на згради, опрема или производи коишто користат енергија;

18) **„значителна реконструкција“** е реконструкција на зградата во согласност со законот со кој се уредува градењето и кога е исполнет еден од следниве услови:

а) вкупниот трошок на реконструкцијата е повисок од 25% од вредноста на зградата, не сметајќи ја вредноста на земјиштето на кое е изградена зградата и трошоците за уредување на градежното земјиште или

б) повеќе од 25% од плоштината на обвивката на зградата е предмет на реконструкцијата;

19) **„лице од јавниот сектор“** е секој договорен орган од класичен јавен сектор дефиниран согласно со Законот за јавни набавки;

20) **„лице од јавниот сектор на државно ниво“** е секој орган на државната управа дефиниран согласно со Законот за организација и работа на органите државната управа;

21) **„вкупна корисна подна површина“** ја означува подната површина на даден градежен објект или дел од градежен објект, каде енергијата се користи за загревање и/или ладење на просторот со регулирана влажност на воздухот;

22) **„големи трговци“** се лица основани согласно со Законот за трговски друштва кои во секоја од последните две пресметковни години, односно во првата година од работењето задоволиле најмалку два од можните три критериуми:

а) просечниот број на вработени врз основа на часови на работа надминува 250 вработени;

б) годишниот приход е над 10.000.000 евра во денарска противвредност или

в) просечната вредност (на почетокот и на крајот на пресметковната година) од вкупните средства на друштвото е повеќе од 11.000.000 евра во денарска противвредност;

23) **„мали и средни трговци**“ се сите останати лица основани согласно со Законот за трговски друштва кои не спаѓаат во големи трговци;

24) „систем за управување со енергијата“ претставува група меѓусебно поврзани или меѓусебно дејствувачки елементи во рамките на план, при што таквиот план поставува цел за енергетска ефикасност и стратегија за постигнување на таа цел;

25) **„договор за енергетски услуги“** е договорен однос помеѓу корисникот и давателот на енергетски услуги, каде што инвестициите во врска со преземените работи, снабдување или услуги се плаќаат сразмерно во однос на договореното ниво на подобрување на енергетската ефикасност или постигнувањето на друг договорен критериум за енергетски карактеристики кој треба да покаже заштеда (на пример финансиски заштеди), што се потврдува и следи за времетраењето на договорот;

26) **„загарантирана заштеда“** е заштедата што ја гарантира давателот на енергетски услуги и мерки за подобрување на ефикасноста, а која се постигнува преку мерките од договорот за енергетски услуги кои споредено со референтните услови резултираат со заштеда на енергија и/или вода, при што таквата заштеда може да се потврди со мерење или процена;

27) **„вредност на загарантирана заштеда“** е заштедата на енергија и/или вода дефинирана во договорот за енергетски услуги изразена во пари;

28) **„суштинско реновирање“** претставува реновирање чиј трошок надминува 50% од инвестицискиот трошок за нова слична единица;

29) **„зграда“** е покриена градба што има ѕидови и во која се користи енергија за греење и климатизација на внатрешниот простор и може да се однесува на зграда како целина или на делови од зграда што се наменети или пренаменети за засебно користење;

30) **„градежна единица“** е дел од зграда, кат или стан во зграда кој е наменет или пренаменет за одделна употреба;

31) **„технички систем во зграда“** е систем кој вклучува техничка опрема за греење, ладење, вентилација, подготовка на санитарна топла вода, осветлување, производство на електрична енергија или комбинација од сите претходни наведени системи во состав на зградата или градежната единица;

32) **„обвивка на зграда“** се интегралните елементи на зградата кои го разделуваат внатрешниот простор на зградата од надворешноста, вклучувајќи ја фасадата;

33) **„систем за греење“** е комбинација од потребни елементи за обезбедување на третман на воздухот во внатрешниот простор, а со кој се контролира или зголемува температурата;

34) **„систем за климатизација“** е комбинација од потребни елементи за обезбедување на третман на воздухот во внатрешниот простор, а со кој се контролира или намалува температурата;

35) **„систем за вентилација“** е комбинација на потребни елементи за обезбедување на третман на воздухот во внатрешниот простор, а со кој се контролира протокот на воздух;

36) **„ЕСКО“** е трговско друштво, трговец поединец или друго правно лице што обезбедува енергетски услуги или други мерки заради подобрување на енергетската ефикасност кај своите корисници и кое прифаќа извесен степен на финансиски ризик при извршување на работите, а плаќањето за услугите е целосно или делумно засновано на постигнатото подобрување на енергетската ефикасност или постигнување на други договорени критериуми;

37) **„енергетска карактеристика на зграда“** е пресметана или измерена количина на енергија која е потребна за задоволување на потребата што произлегува од стандардното користење на зградата или градежната единица, кое вклучува меѓу другото, енергија која се користи за загревање на простор и вода, ладење, вентилација и осветление;

38) **„сертификат за енергетски карактеристики“** е документ кој ги содржи податоците за енергетските карактеристики на зградата или градежната единица, проверени и пресметани на пропишан начин согласно овој закон и прописите донесени согласно овој закон, а го издава носител на лиценца за вршење на енергетска контрола на згради;

39) **„потврда за усогласеност“** е потврда издадена од носител на лиценца за енергетски контроли на згради со која се потврдува дека минималните барања за енергетска ефикасност кои се содржани во основниот проект се во согласност со минималните барања за енергетска ефикасност пропишани со Правилникот за енергетски карактеристики на згради;

40) **„извештај за проверка на системите за греење или климатизација“** е извештај изработен како резултат на проверката на системот за греење или климатизација, кој вклучува препораки за трошковно-ефективно подобрување на енергетските карактеристики на системот;

41) **„производ што користи енергија"** е секое добро или систем кое се пласира на пазарот и/или се пушта во употреба и кое за време на неговата употреба влијае врз потрошувачката на енергија вклучувајќи ги и деловите кои се наменети да бидат вградени во производите што користат енергија кои се пласираат на пазарот и/или се пуштаат во употреба како посебни делови за крајните корисници и чии еколошки карактеристики можат да се проценат независно;

42) **„трговец со производ што користи енергија"** е продавач на мало или друго лице кое нуди за продажба, изнајмување или користење, или изложува производи спрема потрошувачи или инсталатери, во рамките на својата деловна активност, за надоместок или бесплатно;

43) **„снабдувач на производ што користи енергија"** е производител со седиште во Република Северна Македонија, или овластен претставник на производителот кој нема седиште во Република Северна Македонија, или увозник кој го става во промет производот на пазарот во Република Северна Македонија;

44) **„информативен лист"** е стандардна табела со информации кои се однесуваат на производот што користи енергија, во хартиена или електронска форма;

45) **„етикета"** е графички дијаграм, во хартиена или електронска форма, кој вклучува скала која ги користи буквите од А до G, при што секоја буква претставува посебна класа и секоја класа соодветствува со ниво на заштеда на енергија, во седум различни бои од темно зелена до црвена, а со цел да ги информира потрошувачите во врска со енергетската ефикасност и потрошувачката на енергија;

46) **„еко дизајн"** е интеграција на барањата за заштита на животната средина во дизајнот на производите што користат енергија, со цел подобрување на перформансите кои влијаат на животната средина, во текот на целиот негов животен век и

47) **„агрегатор"** е давател на услуги на потрошувачите кој врши комбинирање на повеќе краткотрајни криви на оптоварување на различни потрошувачи со цел продажба или аукција на организираните пазари на енергија, вклучувајќи намалување на врвните оптоварувања, балансирање на енергијата од обновливите извори, обезбедување на услуги за балансирање и зголемување на сигурноста во снабдувањето.

(2) Изразите и термините употребени во овој закон кои се дефинирани согласно со Законот за енергетика се толкуваат согласно со тој закон.

## II. ПОЛИТИКА НА ЕНЕРГЕТСКА ЕФИКАСНОСТ И НАДЛЕЖНИ ОРГАНИ

### Политика на енергетската ефикасност
### Член 4

(1) Политиката на енергетската ефикасност претставува составен дел од политиките од областа на енергетиката, економијата, одржливиот развој и заштитата на животната средина и се спроведува преку мерки и активности за ефикасно користење на енергијата.

(2) Главните цели на политиката за енергетската ефикасност се:

1) отстранување на регулаторните и нерегулаторните бариери кои го отежнуваат спроведувањето на мерките и проектите за енергетска ефикасност;

2) зајакнување на соработката помеѓу потрошувачите, производителите, снабдувачите, трговците и операторите на системите за пренос и дистрибуција на енергија, давателите на енергетски услуги, органите на државната управа и единиците на локалната самоуправа, со цел постигнување на целите од областа на енергетската ефикасност пропишани со овој закон, како и прописите и правилата донесени врз основа на овој закон;

3) промовирање и употреба на високоефикасни технологии, системи за управување со енергијата и системи за следење на енергетските заштеди;

4) подобрување на стандардот на населението преку намалување на трошоците за енергија и зголемен комфор во домувањето;

5) зголемување на употребата на енергија од обновливи извори;

6) достапност и користење на финансиски механизми и стимулативни мерки за спроведување на мерките за енергетска ефикасност и

7) развивање на пазарот на енергетски услуги.

(3) Заради остварување на целите на политиката на енергетската ефикасност, надлежните државни органи и лицата од областа на енергетската ефикасност остваруваат соработка со научни, образовни и стручни институции и организации, надлежните органи и тела во Република Северна Македонија, во други држави, како и со органите и телата на регионално и меѓународно ниво основани со ратификуваните меѓународните договори.

(4) Политиката на енергетската ефикасност се утврдува во Стратегијата за развој на енергетиката која ја донесува Владата на Република Северна Македонија (во натамошниот текст: Владата) согласно со Законот за енергетика, особено земајќи ги предвид:

1) целите и приоритетите на политиката на енергетска ефикасност;

2) процена на можниот потенцијал за комбинирано производство на енергија во високоефикасни комбинирани постројки и системите за централно греење и ладење;

3) стимулативни мерки за подобрување на енергетската ефикасност;

4) долгорочните цели што треба да се постигнат со стимулативните мерки;

5) можноста на обезбедување на потребните финансиски средства за реализација на предвидените инвестиции и мерки;

6) исполнувањето на обврските преземени со ратификувани меѓународни договори и

7) други елементи од значење за подобрувањето на енергетската ефикасност.

## Цели за енергетска ефикасност

### Член 5

(1) Целите за енергетска ефикасност на ниво на Република Северна Македонија се утврдуваат со уредба којашто Владата ја донесува на предлог на министерството.

(2) Уредбата од ставот (1) на овој член е во согласност со мерките и политиката за енергетска ефикасност утврдени со овој закон и Стратегијата за развој на енергетиката.

(3) Целите за енергетска ефикасност утврдени со уредбата од ставот (1) на овој член се однесуваат на енергетска заштеда во потрошувачката на примарна или финална енергија или енергетскиот интензитет и се утврдуваат за период од најмалку десет години.

(4) При одредување на целите од ставот (1) на овој член, се земаат предвид севкупните цели и придонеси за енергетска ефикасност утврдени од страна на Енергетската заедница.

(5) Министерството, најдоцна во рок од 15 дена по донесувањето на уредбата од ставот (1) на овој член, ги доставува утврдените цели за енергетска ефикасност до Секретаријатот на Енергетската заедница.

## Извештај за енергетската ефикасност

### Член 6

(1) Заради постигнување на целите утврдени со уредбата од членот5 став (1) од овој закон, Министерството изработува Извештај за енергетската ефикасност (во натамошниот текст: ИЕЕ) .

(2) ИЕЕ се изработува на секои две години и неговата содржина е усогласена со политиките и мерките на димензијата енергетска ефикасност одИнтегрираниот национален план за енергија и клима, согласно членот 13 одЗаконот за енергетика (*) .

(3) Содржината и податоците во ИЕЕ се усогласуваат со содржината и податоците од Интегрираниот национален енергетски и климатски извештај за напредокот на статусот на реализација на Интегрираниот национален план за енергија и клима, коисе пополнуваат во електронската платформа согласно закон.

## Програма за енергетска ефикасност на единиците на локалната самоуправа

### Член 7

(1) Советот на општината, општината во градот Скопје или градот Скопје (во натамошниот текст: единица на локална самоуправа), на предлог на градоначалникот, а по претходно добиено позитивно мислење од Министерството, на секои три години донесува програма за енергетска ефикасност.

(2) Програмата за енергетска ефикасност од ставот (1) на овој член особено содржи:

1) податоци за потрошувачката на енергија во единицата на локалната самоуправа, збирно и по сектори;

2) анализа на спроведените мерки и активности од претходната програма;

3) цели за енергетска ефикасност на ниво на единиците на локалната самоуправа, по сектори;

4) мерки и активности за подобрување на енергетската ефикасност, по сектори;

5) рокови во кои треба да се спроведат одделните мерки и активности;

6) потребни средства за спроведување на предвидените мерки и активности, и начин на нивно обезбедување и

7) одговорно лице за спроведување на секоја од предвидените мерки или активности.

(3) Секоја од единиците на локалната самоуправа, најдоцна три месеци пред истекот на периодот кој е опфатен со претходната програма, доставува на мислење до Министерството предлог програма за енергетска ефикасност за следниот период од три години.

(4) Во рок од 30 дена од приемот на предлог програмата за енергетска ефикасност од ставот (3) на овој член, Министерството доколку утврди дека предложената програма е во согласност со одредбите од овој закон и прописите донесени согласно со овој закон дава позитивно мислење. Доколку предложената програма не е во согласност со одредбите од овој закон и прописите донесени согласно со овој закон, Министерството ја известува единицата на локалната самоуправа дека истата треба да се измени, со давање на насоки за потребните измени.

(5) После добивањето на позитивното мислење од ставот (4) на овој член, советот на единицата на локалната самоуправа ја донесува програмата за енергетска ефикасност од ставот (1) на овој член и во рок од 30 дена по донесувањето ја доставува до Министерството.

(6) За спроведување на Програмата за енергетска ефикасност од ставот (1) на овој член, советот на единицата на локална самоуправа, на предлог на градоначалникот на единицата на локална самоуправа, во рок од 30 дена по донесувањето на програмата донесува годишен план, кој го доставува до Министерството до крајот на февруари во тековната година.

(7) Единицата на локалната самоуправа најдоцна до крајот на февруари во тековната година доставува до Министерството и Извештај за спроведување на програмата во претходната година.

(8) Министерството го следи спроведувањето на мерките и активностите предвидени во програмите од ставот (1) на овој член и најдоцна до 30 април секоја година, подготвува збирен извештај изготвен врз основа на доставените годишни планови на единиците на локалната самоуправа и извештаите за спроведување на програмата во претходната година.

(9) По исклучок на ставот (1) на овој член, единиците на локалната самоуправа со помалку од 15.000 жители можат да склучат договори за меѓуопштинска соработка со една или повеќе соседни единици на локалната самоуправа, или со најголемата единица на локална самоуправа во соодветниот плански регион врз основа на Законот за меѓуопштинска соработка која се остварува преку формирање на тело за меѓуопштинска соработка или основање на заедничка јавна служба. Телото за меѓуопштинска соработка или заедничката јавна служба односно одговорното административно тело на најголемата единица на локална самоуправа во соработка со овие единици на локална самоуправа гиизработуваппрограмата од ставот (1) на овој член, годишните планови од ставот (6) на овој член и извештајот за спроведување на програмата во претходната година од ставот (7) на овој член.

(10) Единиците на локалната самоуправа, како и единиците на локалната самоуправа кои склучиле договори за меѓуопштинска соработка согласно ставот (9) на овој член, а кои нема да изработат програма за енергетска ефикасност од ставот (1) на овој член, годишни планови за нивно спроведување од ставот (6) на овој член и нема да ги достават извештаите за спроведување на програмата во

претходната година од ставот (7) на овој член, не можат да ги користат средствата на Фондот за енергетска ефикасност согласно Законот за Развојната банка на Северна Македонија (*).

(11) Министерот кој раководи со министерството (во натамошниот текст: министерот), донесува Правилник со кој се пропишуваат:

1) содржината и формата на програмата од ставот (1) на овој член;

2) содржината и формата на обрасците и методологијата за пресметки потребни за изготвување на програмата од ставот (1) на овој член;

3) начинот на изработка, содржината и формата на годишниот план од ставот (6) на овој член и

4) начинот на изработка, содржината и формата на извештајот за спроведување на програмата од ставот (1) на овој член за претходната година.

## Надлежности на министерството

## Член 8

Во однос на спроведувањето на овој закон, Министерството е надлежно за:

1) изготвување и предлагање на Стратегија за реконструкција на згради до Владата, во соработка со министерството надлежно за работите од областа на градежништвото;

2) изготвување и предлагање на ИЕЕ до Владата;

3) вршење на надзор над работата на единиците на локалната самоуправа, во согласност со одредбите од овој закон;

4) издавање на лиценци за вршење на енергетски контроли на големите трговци и лиценци за вршење на енергетски контроли на згради;

5) издавање на овластувања за енергетските контролори на големите трговци и овластувања за енергетските контролори на згради;

6) водење на регистар на овластени енергетски контролори и регистар на носители на лиценци за вршење на енергетски контроли;

7) предлагање на мерки за реализација на политиките на енергетската ефикасност;

8) поднесување на иницијативи, како и предлагање и координирање на студии и проекти за подобрување на енергетската ефикасност;

9) давање на стручна поддршка при подготовка на подзаконски акти кои произлегуваат од овој закон;

10) спроведување на анализи за утврдување на предлог-цели за енергетска ефикасност на ниво на Република Северна Македонија;

11) давање на стручна поддршка при подготовката на ИЕЕ;

12) следење и известување за спроведувањето на ИЕЕ;

13) издавање на решенија за избор на правни лица за спроведување на обуки за енергетски контролори и обуки за усовршување на енергетски контролори, како и следење на нивната работа;

14) изработка на програма за обука за енергетски контролори и програма за обука за усовршување на енергетски контролори;

15) давање на стручна поддршка на единиците на локалната самоуправа или на другите државни органи при изработка на програми и мерки за подобрување на енергетската ефикасност;

16) воспоставување, управување, одржување и надградување на информацискиот систем за следење и управување со потрошувачката на енергија кај лицата од јавниот сектор (во натамошниот текст: Информациски систем), како и спроведување на обуки за назначени лица;

17) воспоставување, управување, одржување и надградување на електронската алатка за следење и верификација достапна на интернет (во натамошниот текст: МВП-алатка), како и спроведување на обуки за назначени лица и

18) вршење на други надлежности во согласност со одредбите од овој закон.

**Членот 9 е избришан,** види: Закон за изменување и дополнување на Законот за енергетска ефикасност, ("Службен весник на РСМ" бр.147/24).

## III. ЕНЕРГЕТСКА ЕФИКАСНОСТ ВО ЈАВНИОТ СЕКТОР

### Подобрување на енергетската ефикасност во јавниот сектор

### Член 10

(1) Зградите кои се во сопственост и се користат од страна на лицата од јавниот сектор на државно ниво мораат да ги исполнуваат минималните барања за енергетски карактеристики на згради пропишани согласно овој закон и прописите донесени согласно со овој закон.

(2) Министерството, во соработка со Службата за општи и заеднички работи при Владата, подготвува список на зградите со вкупна корисна подна површина над 250 m2 кои не ги исполнуваат минималните барања за енергетски карактеристики, кои се во сопственост и се користат од страна на лицата од јавниот сектор на државно ниво, со исклучок на зградите наведени во членот 37 од овој закон. Списокот се објавува на веб- страницата на министерството.

(3) За потребите на изготвување на списокот од ставот (2) на овој член, Службата за општи и заеднички работи при Владата доставува барање за доставување на податоци до лицата од јавниот сектор на државно ниво, особено за податоци за енергетските карактеристики, годината на изградба и вкупната корисна подна површина на зградата, кои се должни да ги достават бараните податоци во рок од 60 дена од денот на доставување на барањето.

(4) Списокот од ставот (2) на овој член особено ги содржи следниве податоци:

1) вкупна корисна подна површина, изразена во m2 и

2) енергетските карактеристики или други релевантни енергетски податоци за соодветната зграда.

(5) Министерството, во соработка со Службата за општи и заеднички работи при Владата, подготвува предлог план за реконструкција на згради кои ги користат лицата од јавниот сектор на државно ниво, кој на годишно ниво опфаќа реконструкција на најмалку 3% од вкупната корисна подна површина на зградите објавени во списокот од ставот (2) на овој член.

(6) Планот за реконструкција на згради од ставот (5) од овој член се однесува на период од три години и во него се наведуваат зградите кои се предмет на реконструкција, информации за зградата, лицето од јавниот сектор на државно ниво кое е корисник, локацијата и сопственикот на зградата, како и динамика со приоритет на реконструкција.

(7) Владата, на предлог на министерството, го донесува Планот за реконструкција на згради од ставот (5) на овој член.

(8) При изработка на планот за реконструкција на згради од ставот (5) на овој член, се земаат предвид целите и мерките предвидени со Интегрираниот национален план за енергија и клима и Стратегијата за реконструкција на згради од членот 31 од овој закон.

(9) Средствата за спроведување на планот за реконструкција на згради од ставот (5) од овој член се обезбедуваат од Буџетот на Република Северна Македонија и од други извори, согласно со закон.

(10) Лицата од јавниот сектор, вклучувајќи ги и лицата од јавен сектор на државно ниво кои користат згради кои не се опфатени со списокот од ставот (2) на овој член, врз основа на спроведена енергетска контрола на згради, можат да ја унапредат енергетската ефикасност, преку спроведување на целите и мерките од извештајот за спроведената енергетска контрола согласно со членот 38 од овој закон.

## Информациски систем за следење и управување со потрошувачката на енергија

### Член 11

(1) Лицата од јавниот сектор се должни да ја следат и да управуваат со потрошувачката на енергија во зградите или градежните единици во коишто ја вршат дејноста на начин на кој се остварува заштеда на енергија, како и да ги спроведуваат пропишаните мерки за подобрување на енергетската ефикасност за кои се одговорни согласно ИЕЕ, програмите и годишните планови.

(2) Единиците на локалната самоуправа, покрај обврските од ставот (1) на овој член, се должни да ја следат и да управуваат со потрошувачката на енергија во јавното осветлување на начин на кој се остварува заштеда на енергија.

(3) Со цел исполнување на обврските од ставовите (1) и (2) од овој член, Министерството го воспоставува и одржува Информацискиот систем.

(4) Информацискиот систем особено содржи податоци за потрошувачка на енергија и трошоци за потрошената енергија во зградите или градежните единици во кои лицата од јавниот сектор ја вршат дејноста, односно за јавното осветлување, нивни општи карактеристики, како и климатолошки податоци потребни за пресметување на енергетските карактеристики на зградите. Министерот со Правилник за информациски систем поблиску ги пропишува:

1) начинот на воспоставување, водење и одржување на Информацискиот систем;

2) содржината, формата и видот на податоци кои корисниците на Информацискиот систем ги прибираат, внесуваат и верификуваат;

3) начинот, постапката и роковите за внесување и верификација на податоците во Информацискиот систем;

4) начинот на користење, објавување и пристап до информациите од Информацискиот систем;

5) начин на спроведување на обука за назначени лица кај лицата од јавниот сектор и

6) индикативна листа на лица од јавниот сектор кои имаат обврска за внесување на податоци во Информацискиот систем.

(5) Лицата од јавниот сектор определени со Правилникот за информациски систем согласно со ставот (4) точка 6) на овој член, се должни да определат одговорни лица од редот на своите вработени или да ангажираат надворешно стручно лице, кои имаат обврска да:

1) управуваат со производството на енергија во зградите и градежните единици во кои вршат активности, доколку такво производство постои;

2) внесуваат податоци во Информацискиот систем за месечната потрошувачка на енергија за секоја зграда или градежна единица во која лицата од јавниот сектор ја вршат дејноста односно за јавното осветлување и

3) внесуваат податоци во Информацискиот систем за трошоци за потрошената енергија.

(6) Управата за хидрометеоролошки работи е должна од редот на своите вработени да определи одговорно лице задолжено за внесување на климатолошките податоци во Информацискиот систем, најмалку еднаш годишно.

## Алатка за следење и верификација (МВП)

### Член 12

(1) Со цел следење на мерките за енергетска ефикасност Министерството воспоставува и одржува електронска алатка за следење и верификација (во натамошниот текст: МВП алатка).

(2) Во зависност од исполнетоста на критериумите по однос на видот на спроведената мерка за енергетска ефикасност, остварените заштеди на енергија и вкупната корисна подна површина на зградата, лицата од јавниот сектор, давателите на енергетски услуги и енергетските контролори имаат обврски да внесуваат податоци во МВП алатката.

(3) Министерот со Правилник за МВП алатката поблиску ги пропишува:

1) постапките и техничките параметри за воспоставување и надградување на МВП алатката според ниво на пристап;

2) поблиските критериуми од ставот (2) на овој член;

3) содржината, формата и видот на податоци кои се прибираат и внесуваат во МВП алатката;

4) начинот, постапката и роковите за внесување и верификација на податоците во МВП алатката;

5) начинот на користење, објавување и пристап до информациите од МВП алатката;

6) методологија за пресметка на заштедите на енергија како резултат на спроведените мерките за енергетска ефикасност;

7) методологија за пресметка на постигнатите заштеди на енергија преку давање на енергетски услуги;

8) постапка за верификација на заштедите;

9) начинот на кој податоците од МВП алатката може да се применат при изработка на ИЕЕ, програми и годишните планови и

10) начин на спроведување на обука за назначени лица кај лицата од јавниот сектор.

(4) За целите на внесување на податоци во МВП алатката, лицата од јавниот сектор назначуваат одговорно лице.

(5) При изготвување на ИЕЕ, како и при следењето на спроведувањето на мерките и активностите предвидени во програмите и плановите за енергетска ефикасност на единиците на локална самоуправа пропишани согласно овој закон и прописите донесени согласно овој закон, Министерството ги користи податоците од МВП алатката.

## Набавки во јавниот сектор

### Член 13

(1) При набавка на производи што користат енергија и кои се предмет на енергетско означување согласно овој закон и прописите донесени согласно овој закон, лицата од јавниот сектор и лицата од јавниот сектор на државно ниво се должни во техничката спецификација да ја наведат најниската прифатлива класа на енергетска ефикасност на производите кои се предмет на набавката, доколку тоа е економски оправдано и технички изводливо, при тоа водејќи сметка за конкуренцијата помеѓу економските оператори при спроведувањето на јавната набавка.

(2) При набавка на производи што користат енергија и кои не се предмет на енергетско означување, но се предмет на барањата за екодизајн, согласно овој закон и прописите донесени согласно овој закон, лицата од јавниот сектор и лицата од јавниот сектор на државно ниво се должни да набавуваат производи со највисоко ниво на енергетска ефикасност, доколку тоа е економски оправдано и технички изводливо, при тоа водејќи сметка за конкуренцијата помеѓу економските оператори при спроведувањето на јавната набавка.

(3) При набавки на услуги и работи, лицата од јавниот сектор и лицата од јавниот сектор на државно ниво се должни да ги обврзат понудувачите, при извршувањето на услугите или работите кои се предмет на јавната набавка да користат само производи кои ги задоволуваат барањата наведени во ставовите (1) и (2) на овој член. Оваа обврска се однесува исклучиво на нови производи кои се набавуваат од страна на понудувачите, делумно или целосно, за давање на предметните услуги или работи.

(4) При набавка на нови возила за патен превоз, лицата од јавниот сектор и лицата од јавниот сектор на државно ниво се должни во техничката спецификација да ги наведат очекуваните еколошки и енергетски влијанија за времетраењето на оперативниот период на возилата за патен превоз, доколку тоа е економски оправдано и технички изводливо, притоа водејќи сметка за конкуренцијата помеѓу економските оператори при спроведувањето на јавната набавка. Очекуваните еколошки и енергетски влијанија за времетраењето на оперативниот период на возилата за патен превоз, ги вклучуваат особено следниве параметри:

1) потрошувачката на енергија;

2) емисиите на јаглерод диоксид (CO2) и

3) емисиите на азотни оксиди (NOx) , неметански јаглеводороди (NMHC) и честички.

(5) Кога лицата од јавниот сектор и лицата од јавниот сектор на државно ниво набавуваат или изнајмуваат простории за сопствена употреба, зградите и градежните единици во кои се наоѓаат таквите простории мора да поседуваат соодветен сертификат за енергетски карактеристики кој ги исполнува минималните барања за енергетска ефикасност во согласност со Правилникот за енергетски карактеристики на згради.

(6) Министерот донесува правилник со кој се пропишуваат:

1) најниските прифатливи класи на енергетска ефикасност на производите од ставот (1) на овој член, по групи на производи кои се предмет на енергетско означување согласно со овој закон и прописите донесени согласно со овој закон;

2) највисоките прифатливи вредности на емисии на јаглерод диоксид, азотни оксиди, неметански јаглеводороди и честички за времетраењето на оперативниот период на возилата за патен превоз, како и другите енергетски и еколошки влијанија и

3) најниската класа на енергетска ефикасност на зградите и градежните единици одставот (5) на овој член.

## IV. ОБВРЗУВАЧКА ШЕМА И АЛТЕРНАТИВНИ МЕРКИ

### Обврзувачка шема за енергетска ефикасност и алтернативни мерки

### Член 14

(1) Владата на предлог на Министерството, донесува уредба со која се уредува обврзувачка шема за енергетска ефикасност (ОШЕЕ) и/или алтернативни мерки за постигнување на заштеди во потрошувачката на финалната енергија, кои операторите на системите за дистрибуција ги применуваат за обврзувачката шема, а снабдувачите со енергија, институциите, организациите, правните лица или други лица кои учествуваат или се одговорни за спроведување на алтернативните мерки ги применуваат, како учесници во имплементацијата на алтернативните мерки.

(2) Уредбата од ставот (1) на овој член, особено содржи:

1) определување на обврзаните страни со обврзувачка шема за енергетска ефикасност (во натамошниот текст: обврзани страни со ОШЕЕ) ;

2) методологија за пресметка на годишни заштеди во потрошувачката на финална енергија, за секој тип на енергент од обврзаните страни со ОШЕЕ посебно;

3) точно определени цели на годишни заштеди во потрошувачката на финалната енергија, за секој тип на енергент за секоја од обврзаните страни со ОШЕЕ посебно;

4) мерки со кои се достигнуваат целите за енергетска ефикасност утврдени со ОШЕЕ и

5) начини за известување од страна на обврзаните страни со ОШЕЕ;

6) јасно утврдени обврски за снабдувачите со енергија, институциите, организациите, правните лица или други лица кои учествуваат или се одговорни за спроведување на алтернативните мерки какоучесниците во имплементацијата на алтернативните мерки ;

7) начин на одредување на заштеди на енергија во финална потрошувачка кои можат да се измерат и потврдат со примена на алтернативни мерки,кој се спроведува со примена на транспарентен начин;

8) начин на следење на резултатите од преземените алтернативни мерки и начин на преземање други соодветни алтернативни мерки доколку напредокот е незадоволителен;

9) начин на определување на заштедата на енергија од секоја поединечна алтернативна мерка поврзана со еден учесник во нејзината имплементација и

10) начин на поврзаност на имплементираните алтернативни мерки, и нивна соодветност на активностите за снабдувачите со енергија, институциите, организациите, правните лица или други лица кои учествуваат или се одговорни за спроведување на алтернативните мерки какоучесниците во имплементацијата на алтернативните мерки поврзано со очекуваните заштеди на енергија.

(3) Ако обврзаните страни со ОШЕЕ не ги преземат мерките за постигнување на определените цели на годишни заштеди се должни да извршат плаќање на парични средства во износ определен согласно со прописите со кои се уредува работењето на Фондот за енергетска ефикасност.

(4) Целите за заштеда во потрошувачката на финална енергија, методологијата за пресметка на годишните заштеди и референтниот период за утврдувањето на целите утврдени во уредбата од ставот (1) на овој член, мора да се во согласност со преземените обврски со ратификуваните меѓународни договори.

**Одлука за воведување на обврзувачка шема за енергетска ефикасност и/или алтернативни мерки за постигнување на заштеди во финалната потрошувачка на енергија**

**Член 14-а**

„(1) Заради постигнување на заштеди во потрошувачката на финалната енергија и целите од уредбата од член 14 од овој законВладата, на предлог на Министерството, донесува одлука со која се воведува:

1) обврзувачка шема за енергетска ефикасност или

2) алтернативни мерки или

3) обврзувачка шема и алтернативни мерки.

(2) Во случајот од став (1) точка 3) на овој член, Владата, со одлуката од ставот (1) на овој член определува кој дел од целите за заштеди изразени во проценти е планирано да се постигне со примена на ОШЕЕ и со примена на алтернативните мерки.

(3) Одлуката од ставот (1) на овој член содржи и средства за реализација на алтернативните мерки кои може да се обезбедат преку донации, Буџетот на Република Северна Македонија и од други извори, согласно закон.

(4) Во случаите кога Владата обезбедува финансиска поддршка за реализација на алтернативните мерки, се применуваат прописите за контрола за државна помош.

(5) Ако со одлуката од ставот (1) на овој член се определени операторите на системите за дистрибуција на енергија како обврзани страни со ОШЕЕ, Регулаторната комисија за енергетика,водни услуги и услуги за управување со

комунален отпад (во натамошниот текст: Регулаторна комисија за енергетика) , преку соодветните тарифни системи, ги признава оправданите трошоци во врска со обврските за операторите на системите за дистрибуција утврдени со ОШЕЕ.

(6) Министерството го следи спроведувањето на ОШЕЕ и на алтернативните мерки. Регулаторната комисија за енергетика на барање на Министерствотодоставува податоци во врска со работењето на обврзаните страни со ОШЕЕ, потребни за следењето на спроведувањето на ОШЕЕ.

(7) Институциите, организациите, правните лица или други лица кои учествуваат или се одговорни за спроведување на алтернативните мерки како учесниците во имплементацијата на алтернативните мерки се должни до Министерството да достават податоци за резултатите од преземените алтернативни мерки, на начин утврден со уредбата од членот 14 од овој закон.

(8) Министерствотона својата веб-страница, за секоја од обврзаните страни со ОШЕЕ посебно, ги објавува планираните и остварените заштеди на финалната потрошувачка на енергија, како и резултатите од преземените алтернативни мерки на годишно ниво.

(9) Секоја од обврзаните страни со ОШЕЕ е должнанајдоцна до 31 јануари во тековната за претходната година,до Министерството да поднесеподатоци за вкупните продажби на енергија, географската дистрибуција на продадената односно дистрибуираната енергија на територијата на целата држава, податоци за категориите на потрошувачи согласно Правилата за тарифните системи за дистрибуција каде што е тоа применливо, како и предлог мерки кои имаат за цел да ја подобрат енергетската ефикасност и други податоци кои се неопходни за спроведување на ОШЕЕ, алтернативните мерки и ИЕЕ.

(10) Министерството во рок од 30 дена од денот на донесувањето на уредбата од член 14 од овој закон, го известува Секретаријатот на Енергетската заедница за мерките и начинот на постигнување на целите утврдени со уредбата.

## V. ЕНЕРГЕТСКИ КОНТРОЛИ НА ГОЛЕМИТЕ ТРГОВЦИ

### Обврски на големите трговци за задолжителна енергетска контрола

### Член 15

(1) Сите големи трговци се должни да спроведуваат енергетска контрола на секои четири години, согласно со одредбите на овој закон и Правилникот за енергетска контрола на големите трговци.

(2) Со задолжителните енергетски контроли на големите трговци се обезбедува:

1) процена и исплатливост на можностите за намалување на потрошувачката на енергија во зградите, придружните (помошните) постројките, опремата и индустриските процеси;

2) утврдување на остварените заштеди како резултат од примената на мерките за подобрување на енергетската ефикасност и заштедата на енергија и

3) намалување на емисиите на штетни материи во околината.

(3) Енергетската контрола од ставот (1) на овој член ја вршат:

1) надворешни овластени енергетски контролори на големите трговци, врз основа на договор помеѓу големиот трговец и носителот на лиценца за вршење на енергетска контрола на големите трговци или

2) овластени енергетски контролори на големите трговци, кои се вработени во големиот трговец.

(4) Големите трговци немаат обврска да спроведуваат енергетска контрола согласно со ставот (1) на овој член доколку:

1) имаат спроведено систем за управување со енергија или управување со животната средина сертифициран од акредитирано тело за оцена на сообразност согласно Законот за акредитација, кој е во согласност со соодветните европски или меѓународни (ISO) стандарди, под услов системот на управување да вклучува енергетска контрола која ги исполнува поблиските барања пропишани со Правилникот за енергетска контрола на големите трговци или

2) енергетската контрола се спроведува како дел од систем за управување со животната средина во рамките на интегрирана еколошка дозвола издадена во согласност со прописите од областа на заштитата на животната средина, доколку енергетската контрола ги исполнува поблиските барања пропишани со Правилникот за енергетска контрола на големите трговци.

(5) Големите трговци во рок од 30 дена од денот на спроведување на енергетската контрола се должни да го достават извештајот од спроведената енергетска контрола до Министерството, заедно со податоците кои се користени при изработка на извештајот.

(6) Во случаите од ставот (4) на овој член, големите трговци се должни до Министерството да го достават соодветниот сертификат, интегрираната еколошка дозвола и друга документација со која се потврдува дека воспоставениот систем ги исполнува барањата за енергетска контрола пропишани со Правилникот за енергетска контрола на големите трговци, во рок од 30 дена од издавањето на соодветниот сертификат или интегрирана еколошка дозвола.

(7) Доколку се исполнети барањата пропишани согласно Правилникот за енергетска контрола на големите трговци, Министерството во рок од 30 дена од денот на приемот на соодветната документација, издава потврда за исполнување на обврската на големите трговци на овој член.

(8) Министерството води евиденција за доставени извештаи за спроведена енергетска контрола, како и за издадените потврди согласно со ставот (7) на овој член.

(9) Малите и средните трговци можат да спроведат енергетска контрола или воспостават систем за управување со енергијата согласно со ставот (4) точка 1) на овој член.

(10) Спроведувањето на доброволни енергетски контроли или воспоставувањето на системи за управување со енергијата кај малите и средните трговци се поттикнува од страна на Министерството, особено преку:

1) развивање на програми за спроведување на доброволни енергетски контроли и спроведување на препораките од извршените контроли;

2) промовирање на предностите од управувањето со енергијата преку презентации на студии на случај за најдобрите практики кај малите и средните трговци;

3) развивање на програми за подигнување на свеста за придобивките од енергетските контроли преку соодветни советодавни услуги и

4) учество во развојот на дополнителни обуки и други програми наменети за енергетските контролори, а во врска со доброволните енергетски контроли кај малите и средните трговци.

## Спроведување на енергетска контрола кај големите трговци

### Член 16

(1) Министерот донесува Правилник за енергетска контрола на големите трговци со кој поблиску се пропишуваат:

1) начинот на спроведувањето на енергетската контрола од страна на носителите на лиценци за вршење на енергетски контроли на големите трговци;

2) начинот на спроведувањето на внатрешна енергетска контрола на големите трговци од страна на овластени енергетски контролори вработени во големите трговци;

3) методологија за пресметка и верификација на заштедата на енергија на големите трговци;

4) поблиски барања во врска со енергетската контрола како дел од систем за управување со енергија или управување со животната средина сертифициран од акредитирано тело за оцена на сообразност, во согласност со соодветните европски или меѓународни (ISO) стандарди;

5) поблиски барања во врска со енергетската контрола како дел од поширок систем за управување со животната средина во рамките на интегрирана еколошка дозвола;

6) содржината и формата на извештајот за спроведена енергетска контрола и начин на подготовка на извештајот;

7) содржината и формата на потврдата од членот 15 став (7) од овој закон;

8) основните елементи на програмата и начинот на вршење обука, начинот на полагање стручен испит за енергетски контролор на големите трговци, како и начинот на евалуација и признавање на завршените обуки спроведени од меѓународни организации кои се сертифицирани за спроведување обуки за имплементација на обврските на големите трговци од членот 15 од овој закон;

9) основни елементи на програмата за усовршување на енергетските контролори;

10) начинот, постапката и поблиските услови за избор на правни лица што вршат обуки за енергетски контролори и усовршување на енергетските контролори на големите трговци;

11) содржината и формата на барањето за издавање, продолжување и признавање на овластување за енергетски контролор на големите трговци, како и потребната документација;

12) содржината и формата на барањето за издавање, продолжување и признавање на лиценца за вршење на енергетска контрола на големите трговци, како и потребната документација;

13) содржината, формата и начинот на водење на регистарот на издадени, одземени и признаени овластувања за енергетски контролори и регистарот на издадени, продолжени, одземени и признаени лиценци за вршење енергетска контрола на големите трговци;

14) содржината и формата на уверението за успешно завршена обука за усовршување на енергетски контролор на големите трговци;

15) содржината и формата на овластувањето за енергетски контролор и на лиценцата за вршење на енергетска контрола на големите трговци;

16) начин на вршење на проверките на системи за греење и климатизација со инсталиран капацитет над 70 kW кој опфаќа:

- содржината, начинот и роковите за проверка на работењето на котлите, соодветно другите ложишта, вклучувајќи го и системот за греење на објектот или индивидуалните делови од системот за греење,

- граничните вредности на состојбата на процесот на согорување, рокови и мерки за постигнување на овие вредности според инсталираните капацитет на котли или печки,

- формата и содржината на извештајот за извршената проверка и начинот на евидентирање на податоците добиени со мерења и

17) формата, содржината и начинот на водење на евиденцијата на извештаите за извршената проверка на системи за греење и климатизација со ефективна моќност поголема од 70 kW и на издадените потврди за исполнување на условите за работа на системите за греење и климатизација, кои ги води Министерството согласно со членот 34 став (6) од овој закон.

(2) Нарачателот на енергетската контрола е должен на носителот на лиценца за вршење на енергетска контрола на големите трговци со кој склучил договор за енергетска контрола да му ги достави на увид сите податоци, техничка и друга документација за предметот за енергетска контрола и да му овозможи услови за непречено вршење на енергетска контрола.

(3) Носителот на лиценца за вршење на енергетска контрола на големите трговци по спроведената енергетска контрола на големите трговци, изготвува извештај за енергетска контрола и наплаќа надоместок.

(4) Висината на надоместокот од ставот (3) на овој член се пресметува врз основа на видот и големината на постројките и зградите кои се предмет на енергетска контрола.

(5) Поблиските критериуми од ставот (4) на овој член, се пропишуваат со тарифникот за енергетски контроли на големи трговци што го донесува министерот, врз основа на претходна согласност од Владата.

(6) Нарачателот на енергетска контрола може да го стави на располагање извештајот за спроведената енергетската контрола на големите трговци од членот 16 став (3) од овој закон на ЕСКО кое врши енергетски услуги согласно со овој закон.

(7) Во случаите кога во опфатот на енергетската контрола на големи трговци биле вклучени згради кои биле предмет на енергетска контрола согласно со прописот од членот 32 став (1) од овој закон и прописот од членот 38 став (2) од овој закон, овие згради нема да бидат предмет на енергетска контрола кај големите трговци.

(8) Министерството врши годишна контрола на спроведените енергетски контроли на големите трговци, по случаен избор и согласно начелата на транспарентност и недискриминација, преку проверка на статистички значаен и репрезентативен примерок од сите извршени енергетски контроли на големите трговци. За оваа намена, Министерството може да ангажира соодветно квалификуван надворешен експерт или правно лице.

(9) Ако Министерството, врз основа на контролата од ставот (8) на овој член, утврди дека енергетската контрола не е спроведена во согласност со Правилникот за енергетска контрола на големите трговци, поднесува барање за поведување на прекршочна постапка согласно со одредбите од овој закон.

**Овластени енергетски контролори на големите трговци**

**Член 17**

(1) Министерството спроведува испит заенергетски контролори на големите трговци и издава овластувања за енергетски контролори на големите трговци, на начин пропишан во Правилникот за енергетска контрола на големите трговци од членот 16 став (1) од овој закон.

(2) Физичко лице може да полага испит за енергетски контролор на големите трговци, со доставување на барање до Министерството и доказ дека ги исполнува следниве услови:

1) најмалку завршено високо образование во областа на градежништвото, машинството или електроенергетиката со стекнати најмалку 240 ЕКТС или VII/1 степен односно VIA ниво од Македонската рамка на квалификации;

2) најмалку пет години работно искуство на работи на испитување, проектирање, надзор, одржување или водење на енергетски или процесни постројки, вршење на енергетски контроли или други енергетски услуги во индустријата, или работа на стручни или научни дејности од областа на енергетиката;

3) поседува уверение за завршена обука за енергетски контролор на големите трговци кај правните лица овластени за спроведување на обуки за енергетски контролори на големите трговци;

4) доказ дека е извршена уплата за надоместок за полагање на испит за енергетски контролор на згради и

5) доказ за извршена уплата за административна такса согласно Законот за административните такси.

(3) Барањата можат да бидат поднесени и во електронска форма со употреба на средство за електронска идентификација преку Националниот портал за електронски услуги или преку посредник на административни услуги по електронски пат, согласно прописите од областа на областа на електронското управување и електронските услуги и од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливите услуги.

(4) Испитот од ставот (1) на овој член се спроведува во февруарска, мајска и октомвриска испитна сесија.

(5) Испитот од ставот (1) на овој член се состои од писмен и практичен дел кој се полага пред Комисија формирана од министерот.

(6) Комисијата од ставот (5) на овој член е составена од три члена од кои двајца се претставници од Министерството и еден претставнике од Министерството надлежно за вршење на работите од областа на уредување на просторот, од редот на вработените во Министерствата состекнато најмалку 240 ЕКТС или VII/1 степен односно VIA ниво од Македонската рамка на квалификации од областа на градежништвото, архитектурата, машинството или електротехниката.

(7) На членовите на Комисијата од ставот (6) на овој член им следува надоместок за извршената работа, кој треба да биде соодветен на обемот и сложеноста на работата и не повисок од една десетина од просечната месечна нето-плата исплатена во Република Северна Македонија во претходната година, објавена од Државниот завод за статистика.

(8) Надоместокот за извршената работана членовите на комисијата од ставот (7) на овој член со решение го определува министерот, кој се обезбедува од надоместокот на пријавените кандидати за полагање на испитот за енергетски контролори кај големи трговци, согласно со Тарифникот за енергетски контроли на големите трговци од членот 16 став (5) од овој закон.

(9) Надоместокот на пријавените кандидати за полагање на испитот за енергетски контролори наголеми трговциод ставот (8) на овој член се утврдува во зависност од просторните и материјалните услови итрошоците за ангажирање на стручни лица за спроведување на испитот согласно Тарифникот за енергетски контроли на големите трговци од членот 16 став (5) од овој закон.

(10) Уплатениот надоместок за полагање на испитот за енергетски контролори на големите трговци е приход на Буџетот на Република Северна Македонија.

(11) Доказите од ставот (2) на овој членможе да се поднесати со употреба на средство за електронска идентификација преку Националниот портал за електронски услуги или преку посредник на административни услуги по електронски пат, согласно прописите од областа на електронското управување и електронските услуги и од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливи услуги.

(12) Во случај на технички прекин на функционалноста на Националниот портал за електронски услуги или Националната платформа за интероперабилност, барањата од ставот (3) на овој члени доказите од ставот (11) на овој член,во форма на електронски документи се доставуваат преку квалификувана електронска препорачана достава на електронската адреса на подносителот согласно прописите од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливите услуги.

## Издавање и продолжување на овластување за енергетски контролори на големи трговци

### Член 17-а

(1) За издавање на овластување за енергетски контролор за големи трговци, физичкото лице кое го положило испитот од членот 17 ставот (1) на овој член поднесува барање до Министерството.

(2) Кон барањето од ставот (1) на овој членседоставува потврда за положен испит за енергетски контролор на големите трговци, доказ дека е извршена уплата за надоместок за полагање на испит за енергетски контролор на големите трговци од член 17 став (9) од овој закони доказ за уплата на административни такси.

(3) По приемот на барањето од ставот (1) на овој член Министерството ја утврдува исполнетоста на условите за издавање наовластување,донесува решение за издавање на овластување за енергетски контролор на големите трговции издаваовластувањето за енергетски контролор на големи трговци во рок од 15 дена од денот на приемот на барањето од ставот (1) на овој член.

(4) Доколку барањето од ставот (1) на овој член не е комплетно, Министерствотодонесува решение со кое се одбива барањето за издавање на овластување за енергетски контролор на големите трговци, во рок не подолг од 15 дена од денот на приемот на барањето од ставот (1) на овој член.

(5) Физичкото лице кое се стекнало со овластување за енергетски контролор на големите трговци може да врши енергетска контрола доколку е:

1) вработено кај носител на лиценца за вршење на енергетска контрола на големите трговци или

2) вработено како овластен контролор кај голем трговец согласно со членот 15 став (3) точка 2) од овој закон, за потребите на работодавачот.

(6) Овластувањето за енергетски контролор на големите трговци од ставот (1) на овој член важи за период од три години, со можност за продолжување на секои три години.

(7) Овластувањето за енергетски контролори на големите трговци, може да се продолжи само доколку енергетскиот контролор на големите трговци успешно ја заврши обуката за усовршување на енергетските контролори на големите трговци, согласно со Правилникот за енергетска контрола на големите трговци од членот 16 став (1) од овој закон.

(8) Енергетскиот контролор на големите трговци поднесува барање за продолжување на овластувањето до Министерството најдоцна 30 дена пред истекот на рокот на важност на овластувањето. Кон барањето седоставува доказ за завршена обука за усовршување на енергетски контролори на големите трговци,доказ дека е извршена уплата за надоместок за продолжување на овластувањето заенергетски контролор на големите трговци определен согласно со Тарифникот за енергетските контроли на големи трговци од членот 16 став (5) од овој закон и доказ за уплата на административни такси.

(9) Министерството донесува решение за продолжување на овластувањето за енергетски контролор на големите трговци, односно донесува решение со кое се одбива барањето за продолжување на овластување за енергетски контролор на големите трговци,во рокод 15 дена од денот на приемот на барањето од ставот (8) на овој член.

(10) Уплатениот надоместок за издавање на овластување и за продолжување на овластување за енергетски контролори на големите трговци е приход наБуџетот на Република Северна Македонија.

(11) Барањата, доказите и документите кои се доставуваат кон барањатаод ставовите (1) , (2) и (8) на овој член физичкото лице односно енергетскиот контролор на големите трговциможе да ги поднесе и во електронска форма со

употреба на средство за електронска идентификација преку Националниот портал за електронски услуги или преку посредник на административни услуги по електронски пат, согласно прописите од областа на електронското управување и електронските услуги и од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливи услуги.

(12) Решението од ставот (9) на овој член може да биде издадено и во форма на електронски документ, кој се доставува на профилот на корисникот на Националниот портал за електронски услуги или во една точка за услуги согласно прописите од областа на електронското управување и електронските услуги и од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливи услуги.

(13) Во случај на технички прекин на функционалноста на Националниот портал за електронски услуги илиНационалната платформа за интероперабилност, барањата, доказите и документитеод ставот (11) на овој член и решението од ставот (12) на овој член може да се достават и во форма на електронски документ преку квалификувана електронска препорачана достава на електронската адреса на подносителот согласно прописите од областа на електронските документи, електронска идентификација и доверливите услуги.

## Овластување за енергетски контролори на големите трговци издадено од надлежно тело на друга држава

### Член 17-б

(1) Овластувањето за енергетскиконтролори на големите трговци издадено од надлежно тело на држава којашто е договорна страна или учесник во Договорот за основање наенергетска заедница, на барање на овластеното лице може да се признае од страна на Министерството, со примена на начелото на реципроцитет.

(2) Постапката за признавање на овластувањето или друг соодветен документ за енергетски контролор (во натамошниот текст: признавање на овластувањето) ја спроведува Комисијата за признавање на овластување, што ја формира министерот.

(3) Комисијата од ставот (2) на овој член е составена од три члена, од кои по двајца претставници од Министерството и еден претставник од Министерството надлежно за работите од областа на градежништвото. Членовите на Комисијата се избираат за период од четири години.

(4) За својата работа Комисијата донесува деловник.

(5) Кон барањето за признавање на овластувањето од ставот (1) од овој член сеприложува и следнава документација:

1) издаденото овластување во оригинал или друг соодветен документ за енергетски контролор на големи трговци издаден од надлежен орган надруга држава и заверен превод на овластувањето или друг соодветен документ за енергетски контролор на големите трговци на македонски јазик и

2) друг писмен документ издаден од надлежното тело кое издава таков вид на овластувања со заверен превод.

(6) Ако Комисијата од ставот (2) на овој член утврди дека барањето за признавање на овластувањето ги исполнува условите за признавање, му предлага на министеротда донесе решение за признавање на овластувањето. Решението за признавање на овластување се донесуваво рок од 15 дена од денот на приемот на барањето.

(7) Ако Комисијата од ставот (2) на овој член утврди дека барањето за признавање на овластувањето не ги исполнува условите за признавање на овластувањето или друг соодветен документ за енергетски контролор на големите трговци, му предлага на министерот да донесе решение со кое се одбива барањето за признавање на овластувањето. Решението за одбивање на барањето се донесуваво рок од 15 дена од денот на приемот на барањето.

(8) Против решението од ставот (7) на овој член може да се поведе управен спор.Вопостапката за водење науправен спорможе да се применат ипрописите од областа на електронското управување и електронските услуги и од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливи услуги.

(9) Министерството наплатува надоместок за признавање на овластување за вршење на енергетска контрола на големите трговци од ставот (1) на овој член, определен со Тарифникот за енергетските контроли на големи трговци од членот 16 став (5) од овој закон. Уплатениот надоместок за признавање на овластување за вршење на енергетска контрола на големите трговци е приход наБуџетот на Република Северна Македонија.

(10) Носителот на признаено овластување за енергетскиконтролор на големите трговци издадено од друга држава е должен да ја спроведува енергетската контрола кај големите трговци и да ги почитува обврските за носители на овластување за енергетска контрола на големите трговци пропишани согласно со овој закон и прописите донесени согласно со овој закон.

(11) На членовите на Комисијата од ставот (3) на овој член им следува месечен надоместок за извршената работа, кој не може да биде повисок од една десетина од просечната месечна нето-плата исплатенапо работник во Републиката во претходната година, објавена од Државниот завод за статистика,кој со решение го определува министерот и се обезбедува од надоместокот на пријавените кандидати за полагање на испитот за енергетски контролори на згради.

(12) Барањата и документите кои се доставуваат во прилог кон барањето од ставот (5) на овој член физичкото лице односно енергетскиот контролор на големите трговцийможе да ги поднесе и во електронска форма со употреба на средство за електронска идентификација преку Националниот портал за електронски услуги или преку посредник на административни услуги по електронски пат, согласно прописите од областа на електронското управување и електронските услуги и од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливи услуги.

(13) Решенијата од ставовите(6) и (7) на овој член може да бидат издадени и во форма на електронски документ, кој се доставува на профилот на корисникот на Националниот портал за електронски услуги или во една точка за услуги согласно прописите од областа на електронското управување и електронските услуги и од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливи услуги.

(14) Во случај на технички прекин на функционалноста на Националниот портал за електронски услуги илиНационалната платформа за интероперабилност, барањето и документите од ставот (12) на овој член и решението од ставот (13) на овој член може да се достави и во форма на електронски документ преку

квалификувана електронска препорачана достава на електронската адреса на подносителот согласно прописите од областа на електронските документи, електронска идентификација и доверливите услуги.

## Одземање на овластување на енергетски контролори на големи трговци

### Член 17-в

(1) Енергетскиот контролор на големите трговци е должен да ја врши енергетската контрола на објективен и независен начин и не смее да извршува енергетска контрола кај нарачател правно лице:

1) во кое поседува акции или удел;

2) со кое соработувал во инсталацијата на постројките, зградите или опремата, или вршел работи на одржување на постројките или опремата за кои се бара енергетската контрола или

3) во кое е член на орган на управување односно надзор, прокурист или полномошник.

(2) Енергетскиот контролор на големите трговци не смее да извршува енергетска контрола ако нарачателот, сопственикот на удели или акции во нарачателот или законскиот застапник на нарачателот е физичко лице:

1) со кое соработувал во инсталацијата на постројките, зградите или опремата, или вршел работи на одржување на постројките или опремата за кои се бара енергетската контрола или

2) со кој е во брачна врска или роднинска врска во права линија и странична линија до трет степен.

(3) Енергетскиот контролор на големи трговципри вршењето на енергетската контрола на големите трговци,на носителот на лиценца за вршење на енергетска контрола на големите трговци од членот 19 од овој закон му доставува писмена изјава заверена на нотар декаенергетската контрола ја извршилсогласно ставовите (1) и(2) на овој член.

(4) Министерот донесува решение за одземање на овластувањето на енергетскиот контролор за вршење на енергетски контроли на големите трговци, ако:

1) енергетскиот контролор на големите трговци не ја врши енергетската контрола независно и објективно, односно во согласност со овој закон и прописите донесени врз основа на овој закон;

2) на енергетскиот контролор на големите трговци му е изречена прекршочна санкција забрана за вршење на професија, дејност или должност или

3) делумно или целосно ја изгуби деловната способност.

(5) Против решението за одземање на овластувањето од ставот (4) на овој член може да се поведе управен спор. Во постапката за водење на управен спор може да се применат и прописите од областа на електронското управување и електронските услуги и од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливи услуги.

(6) Енергетскиот контролор на кој му е одземено овластувањето согласноставот (4) точка 1) на овој член нема право да поднесе барање за издавање на ново овластување пред истекот на најмалку една година од денот на одземањето на овластувањето.

(7) Министерството во електронска форма води регистар на издадени, продолжени, одземени и признаени овластувања за енергетски контролори на големите трговци, кој го објавува на својата веб-страница.

(8) Изјавата од ставот (3) на овој членможе да се поднесе со употреба на средство за електронска идентификација преку Националниот портал за електронски услуги или преку посредник на административни услуги по електронски пат, согласно прописите од областа на електронското управување и електронските услуги и од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливи услуги.

(9) Решението од ставот (4) на овој член може да биде издадено и во форма наелектронски документ, кој се доставува на профилот на корисникот на Националниот портал за електронски услуги или во една точка за услуги согласно прописите од областа на електронското управување и електронските услуги и од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливи услуги.

(10) Во случај на технички прекин на функционалноста на Националниот портал за електронски услуги илиНационалната платформа за интероперабилност, изјавата од ставот (8) на овој член односно решението од ставот(9) на овој член може да се достави и во форма на електронски документ преку квалификувана електронска препорачана достава на електронската адреса на подносителот согласно прописите од областа на електронските документи, електронска идентификација и доверливите услуги.

**Обуки на енергетските контролори на големите трговци**
**Член 18**

(1) Министерството најмалку еднаш на три години, објавува повик за избор на правни лица за спроведување на обуки за енергетски контролори на големите трговци, како и за усовршување на енергетските контролори на големите трговци.

(2) Министерството донесува решение за избор на правно лице за спроведување на обука и усовршување на енергетски контролори на големите трговци, доколку правното лице поднесе барање и доказ за исполнување на поблиските услови во врска со потребната опрема, просториите и кадарот пропишани согласно со Правилникот за енергетски контроли на големите трговци. Решението за избор е со важност од три години.

(3) Министерството ги изготвува и донесува програмите за обука и усовршување на енергетските контролори на големите трговци најдоцна до 31 октомври во годината во која се врши избор на правни лица за спроведување на обуки. Програмите се објавуваат на веб-страницата на Министерството.

(4) Министерството води евиденција на избраните правни лица од ставот (2) на овој член и истата ја објавува на својата веб-страница.

(5) Правните лица од ставот (2) на овој член се должни да ги спроведуваат обуката и усовршувањето на енергетски контролори согласно со Правилникот за енергетски контроли на големите трговци и Програмата за обука и програмата за усовршување на енергетските контролори на големите трговци од ставот (3) на овој член.

(6) Министерството го следи начинот на спроведувањето на обуките и усовршувањето на енергетски контроли и доколку утврди неправилности или непочитување на одредбите на овој закон или Правилникот за енергетска

контрола на големите трговци, може да донесе решение со кое се укинува решението за избор на правно лице за организирање обука на енергетски контролори на големите трговци.

(7) Против решението на Министерството за укинување на решението за избор може да се поведе управен спор.

(8) Правните лица од ставот (2) на овој член издаваат уверение за успешно завршена обука за енергетски контролор и уверение за успешно завршена обука за усовршување на енергетски контролор на големите трговци, најдоцна 15 дена после завршувањето на обуката.

(9) Висината на надоместоците за учество на обука за енергетски контролорина големи трговци и обука за усовршување се утврдуваат во зависност од просторните и материјалните услови, трошоците за ангажирање на стручни лица за спроведување на обуките и се пропишуваат со Тарифникот за енергетски контроли на големи трговци од членот 16 став (5) од овој закон.

## Носители на лиценца за вршење на енергетска контрола на големите трговци

### Член 19

(1) Со лиценца за вршење на енергетска контрола на големите трговци може да се стекне трговец поединец или правно лице кое има вработено најмалку две лица кои имаат овластување за енергетски контролор на големите трговци.

(2) Лиценцата од ставот (1) на овој член се издава врз основа на поднесено барање до Министерството кон кое се приложува документ за регистрирана дејнос, доказ за вработен овластен енергетски контролор, доказ за техничка подготвеност, овластување на енергетски контролор за големи трговци, доказ дека е извршена уплата за надоместок за издавање на лиценца за вршење на енергетска контрола на големите трговци и доказ за уплата на административни такси“..

(3) Доколку подносителот на барањето од ставот (2) на овој член не го исполнува условот утврден во ставот (1) или поднесе нецелосно барање од ставот (2) на овој член, министерството донесува решение со кое се одбива барањето.

(4) Лиценцата за вршење на енергетска контрола на големите трговци важи за период од пет години, со можност за продолжување на секои пет години. Лиценцата може да се продолжи доколку носителот на лиценца кој го исполнува условот од ставот (1) на овој член, поднесе барање за продолжување на лиценцата до министерството, најдоцна 30 дена пред истекот на постојната лиценца.

(5) За издавање и продолжување на лиценца за вршење на енергетска контрола на големите трговци се наплатува надоместок, имајќи предвид материјалните и други трошоци потребни за спроведување на соодветната постапка, определени во Тарифникот за енергетските контроли на големите трговци. Уплатениот надоместок за издавање и продолжување на лиценца за вршење на енергетски контроли на големите трговци е приход на Буџетот на Република Северна Македонија.

(6) Носителот на лиценца е должен да води евиденција за извршените енергетски контроли, а документацијата за извршените контроли да ја чува најмалку десет години.

(7) За секоја настаната промена во уписот во трговскиот регистар или регистарот за други правни лица и/или за промени во врска со вработените енергетски контролори, носителот на лиценца за вршење на енергетска контрола на големите трговци е должен да го извести министерството во рок од 15 дена од настанатата промена, со приложување на соодветен доказ за настанатата промена.

(8) Лиценцата или друг соодветен документ за вршење на енергетска контрола на големите трговци издадена од надлежно тело на држава којашто е договорна страна или учесник во Договорот за основање на енергетската заедница, со примена на начелото на реципроцитет, може да се признае од страна на министерството, на барање на носителот кој е должен да основа подружница со седиште во Република Северна Македонија.

(9) За начинот и постапката за признавање на лиценца од ставот (8) на овој член, соодветно се применуваат одредбите од членот 17-б ставови (2), (3) , (4) , (5) , (6) , (7) , (8) , (9) и (10) од овој закон.

(10) Министерството донесува решение за одземање на лиценцата за вршење на енергетски контроли на големите трговци, ако:

1) носителот на лиценца престанал да го исполнува условот од ставот (1) на овој член;

2) носителот на лиценца не го достави годишниот извештај во пропишаниот рок до Министерството;

3) носителот на лиценца не ја врши енергетската контрола независно, самостојно и објективно, во согласност со овој закон и прописите донесени врз основа на овој закон или

4) носителот на лиценца не го извести министерството за секоја настаната промена согласно со ставот (8) на овој член.

(11) Против решението на министерството од ставовите (3) и (10) на овој член може да се поведе управен спор.

(12) Носителот на лиценца е должен најдоцна до 31 декември во тековната година да достави до министерството доказ од надлежен орган за водење на евиденција на вработени лица за исполнување на условот од ставот (1) на овој член.

(13) Носителот на лиценца е должен, најдоцна до 31 јануари во тековната година, да достави до Министерството годишен извештај за спроведените енергетски контроли во претходната календарска година, кон кој ги приложува сите поединечни извештаи за извршените енергетски контроли за извештајниот период.

(14) Министерството, врз основа на годишните извештаи од ставот (13) на овој член, подготвува годишен извештај во врска со спроведените енергетски контроли на големите трговци во текот на претходната календарска година и истиот го објавува на веб-страницата на Министерството најдоцна до 31 март во тековната година.

(15) Министерството води регистар за издадени, одземени и признаени лиценци за вршење на енергетски контроли на големите трговци, кој го објавува на својата веб-страница.

## VI. ЕНЕРГЕТСКА ЕФИКАСНОСТ ПРИ ПРЕНОС, ДИСТРИБУЦИЈА И СНАБДУВАЊЕ СО ЕНЕРГИЈА

### Мерење, наплата и информации

### Член 20

(1) Операторите на системите за пренос и дистрибуција на електрична енергија и природен гас, како и операторот на системот за дистрибуција на топлинска енергија се должни да направат техничка и економска процена за сите трошоци и придобивки за пазарот, како и зголемување на енергетската ефикасност од воведување на напредни системи за мерење и паметни мрежи.

(2) Регулаторната комисија за енергетика, преку тарифите за пренос и дистрибуција, доколку е технички возможно и економски исплатливо во однос на потенцијалните заштеди на енергија, обезбедува поставување на повеќефункционални броила и паметни системи за мерење кај потрошувачи на електрична енергија, топлинска енергија и природен гас кои ја одразуваат реалната потрошувачка на енергија на потрошувачите и обезбедуваат информации за реалното време на користење, како и други мерки спрема операторите на системите за дистрибуција и снабдувачите со енергија во врска со енергетска ефикасност при мерењето, наплатата и информациите спрема потрошувачите.

(3) Регулаторната комисија за енергетика го следи спроведувањето на мерките од ставот (2) на овој член согласно со одредбите на Законот за енергетика и соодветните прописи донесени согласно со тој закон.

(4) Начинот на пресметка, фактурирање и наплата на испорачаната енергија, како и неопходни информации и известувања до потрошувачите во врска со реалната потрошувачка и трошоците, Регулаторната комисија за енергетика ги регулира согласно со одредбите на Законот за енергетика и соодветните прописи донесени согласно со тој закон.

### Енергетска ефикасност при пренос и дистрибуција

### Член 21

(1) Операторите на системите за пренос и дистрибуција на електрична енергија и природен гас, како и операторот на системот за дистрибуција на топлинска енергија, во согласност со обврските од Законот за енергетика, при планирањето на развојот на соодветните системи за подрачјето на кое ја вршат дејноста, се должни да направат процена на намалување на загубите и потенцијалот за подобрување на енергетска ефикасност во нивните системи.

(2) Процената од ставот (1) на овој член посебно содржи податоци за потенцијалот за подобрување на енергетска ефикасност:

1) во електропреносниот систем и системот за пренос на природен гас;

2) во електродистрибутивниот систем и системот за дистрибуција на природен гас;

3) при управувањето со оптоварувањата и интероперабилност;

4) при поврзувањето на системите со постројки за производство на електрична енергија, вклучувајќи испитување на потенцијалот за пристап до микропостројки за производство на електрична енергија и

5) дистрибуција на топлинска енергија или ладење од централизирано производство.

(3) Во согласност со обврските од Законот за енергетика, за секој регулиран период операторите од ставот (1) на овој член изработуваат план за инвестирање кој содржи мерки и инвестиции за постигнување на трошковно-ефективни енергетски подобрувања на соодветните системи за електрична енергија, природен гас и топлинска енергија, притоа имајќи ги предвид барањата за одржувањето на доверливоста и сигурноста на мрежата.

(4) Регулаторната комисија за енергетика може да побара од операторите од ставот (1) на овој член да достават дополнителни информации за направените процени за намалување на загубите, во соодветен обем и форма.

(5) Операторите се должни да ги достават податоците од ставот (4) на овој член, во рок утврден во барањето од Регулаторната комисија за енергетика.

(6) Операторот на системот за дистрибуција на топлинска енергија е должен, по претходна согланост од Регулаторната комисија за енергетика, на своите потрошувачи да им обезбеди информации за ефикасноста на системот за централно греење, како и за учеството на обновливи извори на енергија.

(7) Потрошувач кој е приклучен на неефикасен систем за централно греење и/или ладење може да се исклучи од системот ако ги исполнува следниве услови:

1) системот на кој планира да се приклучи или системот за поединечно греење и/или ладење којшто ќе го користи, обезбедува подобри енергетски перформанси, односно е поефикасен и еколошки поприфатлив и го намалува користењето на примарна енергија во споредба со системот за централно греење и/или ладење на којшто е приклучен, земајќи ја предвид енергијата потребна за екстракција, конверзија, транспорт и дистрибуција, што се докажува со извештај за енергетска контрола изготвен од овластен енергетски контролор за згради и

2) обезбеди писмена согласност за исклучување од системот за централно греење и/или ладење со мнозинство од вкупниот број сопственици на посебни делови на зградата согласно со Законот за домување.

(8) Начинот и постапката за исклучување на потрошувачите се уредуваат со Правилата за снабдување за топлинска енергија кои Регулаторната комисија за енергетика го носи согласно со Законот за енергетика.

## Стимулативни мерки за енергетска ефикасност при пренос и дистрибуција

### Член 22

(1) Регулаторната комисија за енергетика во остварувањето на своите надлежности согласно со Законот за енергетика, во врска со функционирањето на инфраструктурата за електрична енергија и природен гас ја зема предвид енергетската ефикасност.

(2) Регулаторната комисија за енергетика, преку тарифните системи, во согласност со Законот за енергетика и земајќи ги предвид трошоците и придобивките од секоја мерка, може да обезбеди стимулации за операторите на системите за пренос и дистрибуција на електрична енергија и природен гас да им нудат услуги на корисниците на системот и со кои им овозможуваат спроведување мерки за подобрување на енергетската ефикасност во контекст на континуиран развој на паметни мрежи.

(3) Услугите од ставот (2) на овој член може да ги определи операторот на системот и притоа не смее да загрози сигурноста и безбедноста на системот.

(4) Регулаторната комисија за енергетика ги отстранува условите во тарифите за пренос и дистрибуција коишто се штетни за целокупната ефикасност (вклучително енергетската ефикасност) на производството, преносот, дистрибуцијата и снабдувањето со електрична енергија, како и на условите коишто може да го попречат учеството на одговорот на побарувачката на пазарот на балансна енергија и набавката на услугите од ставот (2) на овој член.

(5) Снабдувачите со електрична енергија, топлинска енергија и природен гас, имаат обврска да обезбедат информации до потрошувачите во врска со достапни мерки за подобрување на енергетската ефикасност и ефектите од тие мерки, достапните механизми за финансирање, видовите на договори за енергетски услуги, како и податоци за контакт со давателите на енергетски услуги, вклучувајќи ЕСКО, со објавување на податоците на нивните веб страници, и периодично преку јавните медиуми, во согласност со соодветните Правила за снабдување донесени согласно со Законот за енергетика.

**Промовирање на енергетска ефикасност при греење и климатизација**

**Член 23**

(1) Со цел промоција на енергетската ефикасност и искористување на системите за греење и климатизација, во мерките утврдени во Интегрираниот национален план за енергија и клима, се изготвува и процена на потенцијалот за примена на високоефикасно комбинирано производство на енергија и ефикасни системи за централно греење и климатизација.

(2) Процената од ставот (1) на овој член содржи и идентификување на економски најисплатливите решенија, анализа на трошоците и придобивките, врз основа на климатските услови, економската спроводливост и техничката соодветност.

(3) При процената од ставот (1) на овој член, економската спроводливост од ставот(2) на овој членвклучуваекономска анализа на сите релевантни економски ефекти, вклучувајќи го и влијанието на цените при што се земаат предвид трошоците и заштедата на енергија од зголемената флексибилност во снабдувањето со енергија и од оптималното функционирање на електричните мрежи, вклучително и избегнатите трошоци и заштеди од намалените инвестиции во инфраструктурата.

(4) Анализата на трошоците и придобивките на ставот (2) на овој член кои се земаат предвид при процената, особено го вклучуваат следново:

1) Трошоци:

1.1. капитални трошоци на постројки и опрема;

1.2. капитални трошоци на поврзаните енергетски мрежи;

1.3. варијабилни и фиксни оперативни трошоци;

1.4. трошоци за енергија;

1.5. трошоци за животна средина, здравје и безбедност и

1.6. трошоци за труд и пазар, енергетска сигурност и конкурентност;

2) Придобивки:

2.1. вредност и количина на испораката за потрошувачот (топлинска и електрична енергија) ;

2.2. надворешни придобивки како што се еколошки придобивки, емисии на стакленички гасови и здравствени и безбедносни придобивки и

2.3. ефектите на пазарот на трудот, енергетската безбедност сигурност и конкурентноста.

(5) Министерството ја доставува процената од ставот (1) на овој член до Секретаријатот на Енергетската заедница.

**Анализа на трошоци и придобивки при барања за издавање овластување за изградба на нови објекти за производство на електрична и/или топлинска енергија**

**Член 24**

(1) Лицата кои поднесуваат барања за издавање на овластување за изградба на нови објекти или проширување на постојни објекти за производство на електрична и/или топлинска енергија, се должни да спроведат претходна анализа на трошоците и придобивките (cost-benefit) и да ја поднесат до надлежниот орган определен согласно со Законот за енергетика, како дел од потребната документација за издавање на овластување, во следниве случаи:

1) при изградба на нов енергетски објект за производство на електрична енергија (термоцентрала) со вкупен топлински капацитет на влез во постројката поголем од 20MW, со цел да се проценат трошоците и придобивките при работата на инсталацијата како високо ефикасна комбинирана постројка (ВЕКП);

2) при суштинско реновирање на постоечки енергетски објект за производство на електрична енергија (термоцентрала) со вкупен топлински капацитет на влез во постројката поголем од 20MW, со цел да се проценат трошоците и придобивките од конвертирање во ВЕКП;

3) при планирање на изградба или суштинско реновирање на индустриска енергетска постројка со вкупен топлински капацитет на влез поголем од 20MW која произведува отпадна топлина со ниво на температура кое овозможува економски оправдана употреба, со цел да се проценат трошоците и придобивките при искористување на отпадната топлина за задоволување економски оправдана побарувачка, вклучително и преку когенерација, како и поврзување на таа инсталација кон дистрибутивен систем за централно греење и ладење;

4) при планирање на изградба на нов дистрибутивен систем за централно греење и ладење, или во постоечки систем за централно греење или ладење се планира нова инсталација за производство на енергија со вкупен влез на топлина од над 20 MW или таква постоечка инсталација треба да биде значително реновирана, со цел да се процени трошокот и придобивките од искористување на отпадната топлина од блиските индустриски инсталации.

(2) По исклучок на ставот (1) на овој член, Анализата на трошоци и придобивки не се спроведува на:

1) оние постројки за производство на електрична енергија кои работат во период при најголема побарувачка на електрична енергија или се користат како резерва, а кои се планирани просечно во период од пет години да работат помалку од 1.500 часа годишно и

2) постројки коишто треба да бидат лоцирани во близина на локација за геолошко складирање на CO2.

(3) Министерот донесува Правилник со кој се уредуваат содржината и начинот на изработка на анализата на трошоците и придобивките од ставот (1) на овој член, како и начинот на проверка на исполнетост на исклучоците од ставот (2) на овој член.

## Високоефикасни комбинирани постројки и гаранции за потекло

### Член 25

(1) Операторот на пазарот на електрична енергија издава Гаранции за потекло на електрична енергија произведена од високоефикасни комбинирани постројки (во натамошниот текст: ГПВЕКП).

(2) ) Операторот на пазарот на електрична енергија води регистар на издадени, пренесени и одземени ГПВЕКП, кој се објавува на нејзината веб-страница.

(3) ГПВЕКП се издава за стандардна големина од 1 мегават час (1MWh) и за секоја произведена единица на енергија од високоефикасни комбинирани постројки се издава само една гаранција за потекло. ) Операторот на пазарот на електрична енергија при издавањето на ГПВЕКП води сметка иста единица на енергија од високоефикасни комбинирани постројки да се зема предвид само еднаш.

(4) ГПВЕКП може да предмет на пренос, на начин пропишан со Уредбата од ставот (11) на овој член.

(5) ГПВЕКП може да добие производител на електрична енергија од постројка заведена во регистарот на ВЕКП, којшто не се стекнал со статус на повластен производител согласно Законот за енергетика.

(6) За издавање, пренос или признавање гаранција за потекло, барателот е должен да уплати надоместок на сметка на операторот на пазарот на електрична енергија, чијшто износ се утврдува со Тарифник.

(7) Тарифникот од ставот (6) на овој член го донесува операторот на пазарот на електрична енергија по претходно одобрување од Регулаторната комисија за енергетика.

(8) ГПВЕКП содржи податоци за производителот и постројката, за топлинската вредност на користеното гориво, периодот на производството, искористувањето на произведената топлинска енергија, количеството на произведената електрична енергија и заштедите на примарна енергија пресметани согласно со методологијата за пресметка пропишана со Уредбата од ставот (13) на овој член.

(9) Регулаторната комисија за енергетика, на барање од Операторот на пазарот на електрична енергија, е должна да обезбеди податоци со кои се обезбедува точноста и сигурноста на ГПВЕКП, како и нивна заштита од злоупотреби.

(10) ГПВЕКП издадени од странски држави се признаваат согласно барањата и на начин пропишани во согласност со овој закон и Уредбата од ставот (13) на овој член. Признавањето на ГПВЕКП може да се одбие доколку постои сомневање во однос на точноста и веродостојноста на податоците за што министерството доставува известување со образложение до Секретаријатот на Енергетската заедница.

(11) Операторот на пазарот на електрична енергија со решение ја укинува или ја поништува ГПВЕКП запишана во Регистарот на ГПВЕКП за која е добиено известување од надлежен орган на друга држава дека ГПВЕКП е запишана во соодветен регистар на ГПВЕКП на другата држава. Пред укинувањето, односно поништувањето на ГПВЕКП, Операторот на пазарот на електрична енергија го известува надлежниот орган од државата во која ГПВЕКП е запишана во Регистарот на ГПВЕКП и носителот на ГПВЕКП.

(12) Операторот на пазарот на електрична енергија подготвува и доставува годишни извештаи до министерството во однос на работењето на системот за издавање, регистрирање, пренесување, признавање и одземање на ГПВЕКП.

(13) Владата, на предлог на Министерството, донесува Уредба за ВЕКП, со која поблиску ги уредува:

1) методологијата за пресметка на коефициентот на полезно дејство на ВЕКП за производство на електрична и топлинска енергија;

2) методологијата за процена на заштедата на примарната енергија во ВЕКП;

3) содржината и формата на ГПВЕКП;

4) содржината, формата и начинот на водење на регистарот на ВЕКП;

5) начинот на издавање, пренесување, укинување и поништување на ГПВЕКП;

6) начинот на доставување податоци за произведена електрична енергија на точката на предавање во електропреносната мрежа;

7) начинот и условите за признавање на гаранциите за потекло издадени во други држави;

8) начинот на определување на енергетската вредност на горивата што се користат во ВЕКП и

9) формата, содржината и начинот водењето на регистар на издадени ГПВЕКП.

(14) Операторот на пазарот на електрична енергија донесува правила за администрирање на ГПВЕКП во согласност со овој закон, Уредбата од ставот (13) на овој член и стандардите на Европската асоцијација на тела-издавачи на гаранции за потекло, со кои поблиску ги пропишува:

1) начинот на регистрација на корисникот на Регистарот за ГПВЕКП;

2) модел-договорот кој се склучува меѓу операторот на пазарот на електрична енергија и корисникот на Регистарот на ГПВЕКП;

3) техничките правила за начинот на издавање, пренесување, укинување и поништување на ГПВЕКП како и за водење на Регистарот на ГПВЕКП и

4) Објавувањето податоци од јавен карактер поврзани со ГПВЕКП.

## VII. ЕНЕРГЕТСКИ УСЛУГИ И ФОНД ЗА ЕНЕРГЕТСКА ЕФИКАСНОСТ

### Енергетски услуги и ЕСКО

#### Член 26

(1) Енергетските услуги ги вршат ЕСКО, врз основа на договорите за енергетски услуги од членот 27 од овој закон.

(2) Енергетските услуги кои се вршат врз основа на договорите за енергетски услуги уредени со членот 27 од овој закон можат да вклучуваат изградба, реконструкција, енергетско реновирање, одржување, инсталација на ефикасно греење, ладење, осветлување, опрема за вентилација или услуги во врска со управување и следење на потрошувачката на енергија.

(3) ЕСКО кое врши енергетски услуги на домашниот пазар е должно да достави назив, адреса и контакт податоци за друштвото, како и опис на енергетските услуги кои ги нуди до Министерството, во рок од 30 дена од започнувањето со дејноста. Министерството води список на активни ЕСКО кој се објавува на веб-страницата на Министерството.

## Договор за енергетски услуги

### Член 27

(1) Договорот за енергетски услуги се склучува во писмена форма помеѓу корисникот на енергетските услуги и ЕСКО како давател на енергетските услуги, согласно барањата утврдени со овој закон и уредбата од ставот (7) на овој член.

(2) Средствата за изведување на енергетските услуги може да ги обезбеди ЕСКО како давател на енергетската услуга, во целост или делумно, од сопствени извори, кредитирање или финансирање од страна на трети лица, како и од страна на корисникот на енергетските услуги.

(3) Висината на трошоците за реализација на договорот, односно вредноста на вложувањето за спроведување на мерките за енергетска ефикасност се одредуваат и се плаќаат на ЕСКО како давател на енергетската услуга, земајќи го предвид нивото на подобрување на енергетската ефикасност и режимот на користење на енергија, утврдени согласно со договорот за енергетски услуги.

(4) Во случај кога ЕСКО како давател на енергетската услуга ги обезбедува средствата за изведување на енергетските услуги, трошоците за реализација на договорот се плаќаат на ЕСКО од заштедите во трошоците за енергија остварени од страна на корисникот на енергетската услуга, во периодот согласно со договорот за енергетски услуги.

(5) ЕСКО можат во целост или делумно да го преземаат финансискиот, техничкиот и комерцијалниот ризик во врска со реализацијата на енергетските услуги и исполнувањето на обврските од договорот за енергетски услуги.

(6) Лицата од јавниот сектор во постапката за склучување на договори за енергетски услуги можат да ги применуваат и одредбите од Законот за јавните набавки (*).

(7) Владата, на предлог на министерството, донесува уредба со која подетално се уредуваат:

1) моделите на договори за енергетски услуги за загарантирани заштеди и за заеднички финансиски заштеди кои се користат при договарањето на енергетски услугии кои особено содржат:

- предмет на договорот што опфаќа обем на енергетските услуги или другите услуги во функција на подобрување на енергетската ефикасност,
- времетраење и фази на договорот,
- утврдување на основната потрошувачка на енергија во зградите, уредите и постројките во согласност со овој закон и прописите донесени согласно со овој закон и утврдување на цени на енергија,
- одредби за обврски за загарантирана заштеда и за заедничка финансиска заштеда со примена на мерките на енергетска ефикасност, како и одредување на вредност на загарантираната заштеда со примена на методологија,
- права и обврски на страните,
- начин на спроведување и план за имплементација на мерките за енергетска ефикасност,
- начин за утврдување на исполнетост на обврските, мерење и верификација на заштеда,
- контрола на квалитетот на услугата и гаранциии
- одредби во случај на промена на законодавството и договорни казни.

2) начинот на определување на вредноста на договорите за енергетски услуги; и

3) потребната документација во врска со спроведувањето на постапките за доделување на договори за енергетски услуги од страна на јавните партнери.

### Поддршка на развојот на енергетските услуги од страна на Министерството

### Член 28

(1) Министерството го поттикнува развојот на пазарот на енергетски услуги и пристапот до овој пазар, особено преку:

1) обезбедување јасни и лесно пристапни информации за достапни енергетски услуги, преку воспоставување на јавно достапен електронски систем или веб-страница, преку кој давателите на енергетски услуги можат да објавуваат информации и да ги нудат своите услуги или на друг начин;

2) приготвување на модел-договори или делови од модел-договори за снабдување со енергија и договори за енергетски карактеристики кои се склучуваат со ЕСКО од страна на приватниот сектор, со посебно внимание на малите и средните трговци, со цел гарантирање на правата на корисниците на енергетски услуги и гарантирање на заштеди на енергија;

3) обезбедување на информации и поддршка во однос на достапните финансиски инструменти, субвенции, донации и заеми кои ги нудат трети лица и можат да се искористат за поддршка на проекти за енергетски услуги и

4) објавување на примери на неповолни или проблематични одредби или делови од договори за снабдување со енергија и договори за енергетски карактеристики на својата веб-страница.

(2) Министерството го поттикнува развојот на пазарот на енергетски услуги и пристапот до овој пазар од страна на лицата од јавниот сектор, особено преку:

1) давање на информации и техничка поддршка на јавниот сектор во врска со понуди за енергетски услуги, особено за реконструкција на зградите во јавниот сектор и јавното осветлување;

2) обезбедување на информации за најдобрите практики во однос на договорите за енергетски услуги, вклучувајќи, доколку е достапно, анализа на трошоците и придобивките од аспект на времетраење на договорите;

3) спроведување на анализи и врз основ на наодите од истите, доставува предлози до и останатите надлежни органи за постоење на регулаторни или не-регулаторни бариери кои го отежнуваат користењето на договорите за енергетски услуги или примена на мерки за енергетска ефикасност и

4) спроведување на квалитативен преглед во однос на сегашниот и иден развој на пазарот на енергетски услуги, врз основа на кои предлага соодветни мерки во Интегрираниот национален план за енергија и клима.

(3) Независни посредници, вклучувајќи и агрегатори, можат да учествуваат во развојот на пазарот на енергетски услуги и активностите на ЕСКО, како на страната на побарувачката така и на страна на понудата на енергетските услуги.

(4) Министерот донесуваупатство сокоего пропишува начинот на постапување на лицата од јавниот сектор во кој се вклучени иединиците на локалната самоуправа при подготовка на анализа за економската и финансиската оправданост и спроведување на постапката за избор на ЕСКО, како и начинот на склучувањето и реализацијата на договорите на енергетските услуги.Упатството се објавува на веб- страницата на Министерството.

(5) Доколку Министерството дојде до информации дека операторите на системите за дистрибуција или снабдувачите со електрична или топлинска енергија и природен гас или давателите на енергетски услуги го попречуваат нудењето или вршењето на енергетските услуги или кои било други мерки за подобрување на енергетската ефикасност пропишани согласно со овој закон и прописите донесени согласно со овој закон или го попречуваат развојот на пазарот за енергетските услуги, вклучувајќи затворање на пазарот за конкурентите или злоупотреба на доминантната позиција во спротивност со одредбите на применливите прописи за заштита на конкуренцијата, доставува известување до Комисијата за заштита на конкуренцијата.

## Информации и обука за енергетска ефикасност

### Член 29

(1) Министерството, во соработка и со учество на засегнати страни во областа на енергетската ефикасност, промовира иницијативи за подигање на свеста за информирање на граѓаните за придобивките од преземањето на мерки за подобрување на енергетската ефикасност, се со цел да ја олесни промената на однесувањето кај граѓаните преку која може да се подобри ефикасното користење на енергија од страна на мали потрошувачи на енергија дефинирани согласно со Законот за енергетика, вклучувајќи ги домаќинствата.

(2) За реализација на активностите од ставот (1) на овој член, Министерството може да обезбеди информации и обуки во врска со:

1) пристап до финансирање, грантови или субвенции кои ги нудат банки, заемодавачи и останати финансиски институции;

2) проекти кои служат за пример;

3) мерки за подобрување на енергетската ефикасност на работните места или

4) други информации за заинтересираните страни во врска со мерки за подобрување на енергетската ефикасност.

## Фонд за енергетска ефикасност

### Член 30

(1) Со цел да се овозможи остварување на целите и поддршка на политиките за енергетска ефикасност пропишани согласно овој закон, може да се основа Фонд за енергетска ефикасност.

(2) Основањето, надлежностите, функционирањето и начините на финансирањето на Фондот за енергетска ефикасност се уредуваат со посебен закон.

# VIII. ЕНЕРГЕТСКА ЕФИКАСНОСТ НА ЗГРАДИ

## Стратегија за реконструкцијата на згради за домување, јавни и комерцијални згради

### Член 31

(1) На предлог на Министерството, Владата донесува Стратегија за реконструкција на згради за домување, јавни и комерцијални згради, за период од најмалку 20 години (во натамошниот текст: Стратегија за реконструкција) , со цел трансформација на постоечките згради во високо енергетски ефикасни и декарбонизирани згради со приближно нулта потрошувачка на енергија.

(2) Со Стратегијата за реконструкција се обезбедува ефикасно, економски оправдано намалување на потрошувачката на енергија, со примена на мерки за енергетска ефикасност и истовремено намалување на загадувањето на животната средина и ублажување на климатските промени. При подготовката на Стратегијата за реконструкција се води сметка за нејзината усогласеност со енергетската политика одСтратегија за развој на енергетиката, со Интегрираниот план за енергија и климаи со општинските енергетски планови согласноЗаконот за енергетика (*) .

(3) Стратегијата за реконструкција содржи:

1) преглед на моменталната состојба на изградени и на реконструирани згради за домување, јавни и комерцијални згради и згради во кои се вршат индустриски процеси;

2) идентификување на трошковно-ефективни пристапи за реконструкција кои се релевантни за видот на зградата и за климатската зона;

3) политики и мерки за подобрување на енергетската ефикасност при целосни реконструкции на згради, вклучително и значителни реконструкции во фази, како и за поддршка на трошковно-ефективни мерки за реконструкција;

4) преглед на политиките и активностите кои треба да бидат преземени за зградите за домување кои имаат најлоши карактеристики, можностите за поддршка на овие згради, како и преглед на релевантните национални активности за ублажување на енергетската сиромаштија;

5) политики и дејствија зареконструкција на сите јавни згради;

6) препорачани идни активности кои имаат за цел насочување на инвестициските одлуки од страна на сопствениците, градежната индустрија и финансиските институции;

7) преглед на националните мерки и иницијативи за промоција на паметни технологии и промоција на интегрирани згради и заедници, како и на вештините и образованието во градежниот сектор и секторот на енергетска ефикасност;

8) објективна и заснована на факти процена на очекуваната заштеда на енергија и другите придобивки поврзани со здравјето, безбедноста и квалитетот на воздухот;

9) видовите на мерки за поддршка за енергетска ефикасност за кои се доделуваат финансиски средства и други поволности и олеснувања и

10) патоказ со мерки, вклучувајќи ги мерките за поддршка и утврдени индикатори за мерење на напредокот во однос на долгорочната цел занамалување на емисијата на стакленичките гасови на Енергетската заедница, кој вклучува индикативни одредници за пет, 10, 15, 20 и 25години.

(4) Министерството ја доставува Стратегијата за реконструкција од ставот (1) на овој член до Секретаријатот на Енергетската заедница за информирање, во рок од 30 дена од денот на донесувањето.

(5) Министерството го следи спроведувањето на Стратегијата за реконструкција и на секои три години го известува Секретаријатот на Енергетската заедница за напредокот во остварувањето на Стратегијата за реконструкција.

(6) Владата на секои три години ја ревидира Стратегијата за реконструкција согласносо преземените обврски со Договорот за основање на енергетската заедница и ја доставува ревидираната Стратегија за реконструкција за информирање до Секретаријатот на Енергетската заедница.

(7) Во процесот на изработката на Стратегијата за реконструкција, како и при нејзиното ревидирање, Министерството спроведува јавна консултација со сите чинители од јавниот иприватниот сектор и граѓански организации и здруженија, за штоизготвува резиме.Резимето од спроведената јавна консултација претставува составен дел на Стратегијата за реконструкција.

(8) Средствата за изготвување на Стратегијата за реконструкција се обезбедуваат од Буџетот на Република Северна Македонија, грантови или донации.

(9) Стратегијата за реконструкција на згради се објавува во „Службен весник на Република Северна Македонија" и на веб-страницата на Министерството.

## Механизми за постигнување на целите на Стратегијата за реконструкција

### Член 31-а

За поддршка на целите на Стратегијата за реконструкција и потребните инвестиции, Министерството при креирањето на политиките и мерките за спроведување на Стратегијата за реконструкција овозможувапоедноставенпристап до следниве механизми за:

1) агрегација на проекти, според инвестициски платформи или групи, како и конзорциуми на мали и средни претпријатија, за да се овозможи пристап на инвеститорите;

2) намалување на согледаниот ризик од операциите за енергетска ефикасност за инвеститорите и приватниот сектор;

3) користење на јавното финансирање за поттикнување на дополнителни инвестиции од приватниот сектор, како и за справување со пазарните нарушувања;

4) насочување на инвестициите во енергетски ефикасни јавни згради, во согласност со насоките на Енергетската заедница и

5) овозможување на достапни и транспарентни советодавни алатки, како и едношалтерски систем за потрошувачите и енергетските советодавни услуги, за соодветните финансиски инструменти и енергетска ефикасност.

## Мерки за поддршка на енергетската ефикасност на згради за домување, јавни и комерцијални згради

### Член 31-б

(1) Владата на предлог на Министерството, по претходно донесено решение од Комисијата за заштита на конкуренција согласно Законот за контрола на државната помош донесува Уредба за мерките за поддршка за реконструкција на зградите за домување, јавните и комерцијалните згради, чија цел е подобрување на нивната енергетската ефикасност.

(2) Со уредбата од ставот (1) на овој член, особено се уредуваат:

1) видовите на мерки за поддршка за енергетска ефикасност за кои се доделуваат финансиски средства и други поволности и олеснувања;

2) начинот на исполнување на посебните услови кои треба да ги исполнат корисниците на мерките, вклучувајќи ги и корисниците кои спаѓаат во групата на ранливите потрошувачи на енергија;

3) инсталациите, опремата, инфраструктурата, вклучувајќи ја и дигиталната инфраструктура со која се подобрува енергетската ефикасност;

4) начинот на определувањето на мерките за поддршка за енергетска ефикасност, начинот на нивната исплата, како и периодот на нивното користење;

5) содржината на одлуката и јавниот оглас за спроведување напостапка за доделување на финансиските средства и други поволности и олеснувања на корисниците за мерките за поддршка;

6) начинот на спроведување на постапката за доделување на финансиските средства и другите поволности и олеснувања, вклучително и критериуми за подобност за избор на економски оператори;

7) модели на договори за стекнување право на користење на финансиските средства и другите поволности и олеснувања;

8) документите кои се доставуваат во постапката за склучување на договорот за стекнување на право за користење на финансиски средства и други поволности и олеснувања и

9) содржината, формата и начинот на водење на евиденција на корисниците на мерките.

(3) При утврдувањето на мерките во уредбата од ставот (1) на овој член и нејзиното спроведување, се применуваат прописите за контрола на државната помош.

(4) Владата на предлог на Министерството, по претходно донесено решение од Комисијата за заштита на конкуренцијата, донесува годишна програма за мерките за поддршка за реконструкција на зградите за домување, јавните и комерцијалните згради, која особено содржи:

1) обем на вкупната државна помош која се доделува преку мерките за поддршка за реконструкција на зградите за домување, јавните и комерцијалните згради, со цел подобрување на нивната енергетска ефикасност;

2) обем на државната помош предвидена со секоја од мерките за поддршка за реконструкција на зградите за домување, јавните и комерцијалните згради и

3) максимален износ на финансиските средства и другите поволности и олеснувања, кој може да биде доделен на поединечен корисник на мерките.

(5) Финансиските средствaза спроведување на годишната програма од ставот (4) на овој член се обезбедуваат од Буџетот на Република Северна Македонија и/или други извори на финансирање, согласно со закон.

**Доделување на право на користење на мерки за поддршка на енергетската ефикасност на згради за домување, јавни и комерцијални згради и избор на правни лица за изведување на работи за реконструкција на згради за домување, јавни и комерцијални згради**

**Член 31-в**

(1) За спроведување на Годишната програма од член 31-б став (4) од овој законМинистерството во рок од 30 дена од денот на влегувањето во сила на годишната програма објавува јавен повик за доделување на право на користење на мерки за поддршка на енергетската ефикасност на згради за домување, јавни и комерцијални згради.

(2) Јавниот повик од ставот (1) на овој член, содржи:

1) цел и опфат на мерката;

2) категории на корисници на мерката кои се опфатени и корисниците кои спаѓаат во групата на ранливите потрошувачи на енергија;

3) услови за учество и критериуми за прифатливост;

4) потребна документација;

5) рокови и начин на поднесување на пријави и

6) критериуми иначин на евалуација и избор.

(3) Јавниот повик се објавуваво дваднеснивесници кои се издаваат на целата територија на Република Северна Македонија од коиеден од весниците што се издаваат е на јазикот кој го зборуваат најмалку 20% одграѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик, како и на веб-страницата на Министерството. Јавниот повикоттрае 15 дена од денот на објавувањето.

(4) За спроведување на постапката за доделување на право на користење на мерки за поддршка на енергетската ефикасност на згради за домување, јавни и комерцијални згради министерот со решениеформира Комисија од редот на вработените во Министерството која спроведува административна проверка, техничка евалуација и рангирање на пријавите.

(5) Во рок од 30 дена по завршувањето на јавниот повик Комисијата од ставот (4) на овој членизготвува извештај од спроведената постапка идоставува предлог до министерот за донесување на решение за избор на корисници на кои им е доделено правото на користењена мерка за поддршка на енергетската ефикасност на згради за домување, јавни и комерцијални згради и ранг-листа на сите учесници во постапката.

(6) Во рок од пет дена од денот на доставување на извештајот, предлогот и ранг листат од ставот (5) на овој член министерот донесува поеднинечни решенија за избор на секојкорисник на кој му е доделено правото на користењена мерка за поддршка на енергетската ефикасност на згради за домување, јавни и комерцијални згради.

(7) Извештајот и ранг-листата на Комисијата се објавуваат на веб-страницата на Министерството во рокот од три работни дена од денот на донесувањето нарешението од ставот (6) на овој член.

(8) Во рок од 15 дена од денот наобјавувањето на извештајот и ранг-листатаод ставот (7) на овој член Министерството започнува постапка за избор на правни лица/економски оператори заизведување на работи за реконструкција на зградите за домување, јавните и комерцијалните зградисогласно Законот за јавните набавки (*) .

(9) За спроведување на постапката од ставот (8) на овој член, Министерството:

1) донесува одлука за започнување на постапката;

2) формира Комисија за спроведување на постапката;

3) ја одобрува тендерската документација;

4) го објавуваат јавниот оглас и

5) донесува одлука за избор на најповолен понудувач или одлука за поништување на постапката.

(10) Комисијата од ставот (9) точка 2) на овој член:

1) ги подготвуваат јавниот оглас и тендерската документација;

2) ја спроведувапостапката;

3) ја спроведува евалуацијата на понудите;

4) доставува предлог до Министерството за донесување на одлука за избор на најповолен понудувач или одлука за поништување напостапката.

(11) Против одлуката од ставот (10) точка 4) на овој член, може да се поднесе жалба до Државната комисија за жалби по јавни набавки во рок од 15 дена од денот на приемот на одлуката.

(12) Жалбата од ставот (11) на овој член може да биде поднесена и во електронска форма со употреба на средство за електронска идентификација преку Националниот портал за електронски услуги или преку посредник на административни услуги по електронски пат, согласно прописите од областа на електронското управување и електронските услуги и од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливи услуги.

(13) Во случај на технички прекин на функционалноста на Националниот портал за електронски услуги илиНационалната платформа за интероперабилност, жалбата од ставот (11) на овој член може да се достави и во форма на електронски документ преку квалификувана електронска препорачана достава на електронската адреса на подносителот согласно прописите од областа на електронските документи, електронска идентификација и доверливите услуги.

(14) Министерството во рок од 30 дена од конечноста на одлуката за избор, склучува договор за изведување на работи за реконструкција на зградите за домување, јавните и комерцијалните згради со најповолниот понудувач.

## Енергетски карактеристики и минимални барања за енергетска ефикасност на зградите

### Член 32

(1) Заради категоризацијата на зградите, пропишување на минималните барања за енергетската ефикасност за новите згради и градежните единици, како и за зградите и градежните единици кои се предмет на значителна реконструкција, министерот донесува Правилник за енергетски карактеристики на зградите.

(2) Зградите се категоризираат во две основни категории, како згради со едноставен технички систем и згради со сложен технички систем, во зависност од намената, вкупната корисна подна површина и техничките системи во зградата.

(3) Со Правилникот за енергетски карактеристики на зградите се пропишува:

1) методологија за пресметка со која се определуваат енергетските карактеристики на зградите, односно градежните единици, и техничките системи во зграда (во натамошниот текст: методологија за пресметка);

2) барања за енергетската ефикасност на техничките системи во зграда како и зградите и градежните единици што се предмет на значителна реконструкција;

3) минималните барања за енергетските карактеристики на градежните елементи кои се дел од обвивката на зградата и кои значително влијаат на енергетските карактеристики при замена или реконструкција, подготовката на санитарна топла вода, употреба на техничките системи и осветлувањето;

4) начинот на категоризација на зградите во две категории, како згради со едноставен технички систем и згради со сложен технички систем;

5) начинот на контрола на усогласеноста на зградите и градежните единици, уреди, опрема и постројки со минималните барања за енергетска ефикасност;

6) барања за проектирање и градба на нови и значителна реконструкција на постојни згради или градежни единици, во поглед на исполнување на минималните барања за енергетска ефикасност;

7) означувањето на зградите и градежните единици во поглед на нивните енергетски карактеристики и соодветната класа;

8) формата и содржината на потврдата за усогласеност на проектната документација за градење или значителна реконструкција со минималните барања за енергетска ефикасност;

9) типовите на згради и градежни единици во сопственост на лицата од јавниот сектор за кои е задолжително вградувањето на сончеви колектори за топла вода при изградбата на нови и значителна реконструкција на постојните згради;

10) формата и содржината на сертификатот за енергетски карактеристики на зградите;

11) начинот на утврдување на случаите кога примената на минималните барања за енергетската ефикасност не е технички или оперативно изводлива и економски оправдана за време на економскиот животен век на зградата;

12) начин за воведување на паметни системи за мерење при изградба или значителна реконструкција на зграда и

13) начин за поттикнување на поставување на системи за активна контрола кои имаат за цел заштеда на енергија.

(4) Методологијата за пресметка од ставот (3) точка 1) на овој член содржи повикување на европски технички стандарди усвоени од Институт за стандардизација на Република Северна Македонија кои се применуваат за да се утврди исполнување на минималните барања за енергетската ефикасност на зградите и служи за целите на:

1) пресметување на потребната годишна енергија за задоволување на различните потреби на зградите, односно градежните единици поврзана со нејзината типична употреба;

2) пресметка на индикатори на енергетски карактеристики (EPI) со кои се пресметува енергетска ефикасност во согласност со усвоени стандарди и нумерички индикатори за примарна енергија, со цел да се изрази енергетската ефикасност на транспарентен начин и во зависност од климатското подрачје;

3) начин на постигнување соодветен комфор во зградите и

4) пресметување на оптималното ниво на финансиски трошоци за исполнување на минималните барањата за енергетски карактеристики на зградите, градежните единици.

(5) Минималните барања за енергетска карактеристики за згради и градежни единици кои се предмет на реконструкција не се задолжителни доколку примената на таквите барања не е технички или оперативно изводлива и економски оправдана во однос на економскиот животен век на зградата, согласно со Правилникот за енергетски карактеристики на згради.

(6) Министерството врши периодична процена на усогласеноста на минималните барања за енергетски карактеристики на зградите и градежните единици најмалку еднаш на секои пет години, со цел да го одразуваат техничкиот напредок во градежниот и енергетскиот сектор.

## Сертификат за енергетски карактеристики на зградите и потврда за усогласеност на проектната документација

### Член 33

(1) За сите згради или градежни единици со вкупна корисна подна површина поголема од 250 м2 кои се користат од лицата од јавниот сектор и се редовно посетени од јавноста се издава Сертификат за енергетски карактеристики на зграда.

(2) Покрај случаите од ставот (1) на овој член сертификат за енергетски карактеристики на зграда се издава, без разлика на вкупната корисна подна површина и во следните случаи:

1) пред ставање во употреба на новоизградени згради или градежни единици;

2) пред ставање во употреба на згради или градежни единици кои биле предмет на значителна реконструкција;

3) згради или градежни единици кои се предмет на продажба или закуп.

(3) Сертификатите за енергетски карактеристики на зградите ги издаваат носители на лиценца за вршење на енергетска контрола на згради, за период од десет години и истите се прибележуваат во катастарот на недвижности. Носителот на лиценца за вршење на енергетска контрола на зграда наплаќа надомест за издадениот сертификат. Начинот на утврдување на висината на надоместокот се пропишува со Тарифникот за енергетски контроли на згради што го донесува министерот, врз основа на претходна согласност од Владата.

(4) Висината на надоместокот од ставот (3) на овој член се определува во однос на намената и категоријата на зградата, како и вкупна корисна подна површина на зградата која е предмет на енергетска контрола.

(5) Инвеститорот е должен кон барањето за издавање на одобрение за градење на нови згради или значителна реконструкција на постојна зграда или градежна единица кое се поднесува до надлежен орган, како составен дел на основниот проект да приложи потврда за усогласеност. Одобрение за градење не може да се издаде без поднесена потврда за усогласеност.

(6) Потврдата за усогласеност од ставот (5) на овој член ја издава носител на лиценца за вршење на енергетска контрола на згради. Носителот на лиценца за вршење на енергетска контрола наплаќа надоместок за издадената потврда согласно Тарифникот за енергетски контроли за згради, врз основа на критериумите од ставот (4) на овој член.

(7) По завршување на изградбата на новоизградени згради или по значителна реконструкција на постојните згради или градежни едници, инвеститорот е должен да прибави сертификат за енергетски карактеристики и истиот да го поднесе во постапката за ставање во употреба согласно со Законот за градење. Сертификат за енергетски карактеристики на зградата се обезбедува пред издавање на одобрението за употреба, односно пред изготвувањето на извештајот за извршен технички преглед од надзорен инженер, односно пред давањето на изјава заверена кај нотар под полна материјална и кривична одговорност од изведувачот со која тој потврдува дека зградата, односно градежната единица е изградена во согласност со одобрението за градење и основниот проект или проектот на изведена состојба, во зависност од категоријата на зградата.

Одобрение за употреба не може да се издаде без поднесен сертификат за енергетски карактеристики.Органот кој е надлежен за доставување на документацијата за запишување на новоизградени згради или по значителна реконструкција на постојните згради или градежни единици, го доставува и сертификатот за енергетски карактеристики на згради заради прибележување во катастарот на недвижности.

(8) При реконструкција на згради или градежни единици, доколку се врши замена или надградба на техничките и градежните системи, тие системи мораат да бидат во согласност со минималните барања пропишани со Правилникот за енергетски карактеристики на зградите.

(9) Сопственикот или управителот на зграда или градежна единица е должен да ги достави на увид сите податоци, техничка и друга документација за зградата или градежната единица која е предмет на енергетска контрола, како и да му овозможи услови за непречено вршење на енергетска контрола на зграда на носителот на лиценца за вршење на енергетска контрола на згради со кој склучил договор за енергетска контрола.

(10) Продавачот или закуподавачот на зграда или градежна единица е должен да овозможи увид во сертификатот за енергетски карактеристики пред продажбата или закупот, како и да им го достави истиот во рок од пет дена на купувачот односно закупецот, во оригинал или заверен препис, после продажбата или закупот. Продавачот или закуподавачот на зграда или градежна единица е должен да ја истакне енергетската класа на зградата или градежната единица во огласот со кој се огласува продажбата или закупот преку средствата за информирање или интернет.

(11) Продавачот или закуподавач на зграда или градежна единица чијашто изградба не е завршена е должен на купувачот или закупецот да ја достави Потврдата за усогласеност од ставот (5) на овој член во форма на заверен препис, како и да го достави сертификатот согласно со ставот (10) на овој член во рок од пет дена од денот на издавањето на одобрението за употреба на зградата или градежната единица.

(12) Сопствениците на зградите или градежните единици од ставот (1) на овој член се должни да го истакнат сертификатот за енергетски карактеристики на видно место во зградата.

## Проверки на системи за греење и климатизација

### Член 34

(1) Сопствениците или управителите на згради кои користат технички системи за греење или комбинирани технички системи за греење со вентилација со ефективна моќност поголема од 70kW се должни да вршат редовни проверки на таквите системи, најмалку еднаш во четири години, со цел да се утврди степенот на корисност на котелот, односно ложиштето, како и да се преземат мерки за да се достигнат вредностите на состојба на процесот на согорување пропишани во соодветната техничка документација за техничкиот систем што е предмет на проверка.

(2) Сопствениците или управителите на згради кои користат технички системи за климатизација или комбинирани технички системи за климатизација со вентилација со ефективна моќност поголема од 70kW се должни да вршат редовни проверки на таквите системи, најмалку еднаш во четири години, со цел да се процени капацитетот на системот за климатизација со потребите за ладење на зградата, како и процена на можностите за оптимизација на техничкиот систем, земајќи ги предвид просечните или вообичаените услови за функционирање.

(3) Проверките од ставовите (1) и (2) на овој член се вршат од страна на носители на лиценца за вршење на енергетска контрола на големите трговци и истите вклучуваат процена на ефикасноста на инсталираните системи за греење и климатизација и одмерување на системот за климатизација со потребите за ладење на зградата, како и одмерување на можностите за оптимизација на системот земајќи ги предвид просечните или вообичаените услови за функционирање на системот за климатизација или греење.

(4) Носителите на лиценца за вршење на енергетска контрола на големите трговци кои ги спроведуваат проверките од ставовите (1) и (2) на овој член се должни да изготват извештај за спроведените проверки и истиот да го достават до Министерството во рок од 30 дена од денот на завршувањето на проверката.

(5) Министерството на барање на сопственик или управител на зграда која била предмет на проверка за која е доставен соодветен извештај, издава потврда за исполнувањето на условите за работа на системи за греење и климатизација.

(6) Министерството води евиденција на извештаите од ставот (4) на овој член и на издадените потврди од ставот (5) на овој член.

(7) Зградите и градежните единици за кои се спроведува договор за енергетски услуги од страна на ЕСКО се ослободени од обврските за проверки согласно овој член, за времетраењето на договорот за енергетски услуги.

## Употреба на високоефикасни алтернативни системи

### Член 35

(1) При проектирањето на нова или значителна реконструкција на постојна зграда или градежна единица, задолжително е спроведување на анализа од страна на енергетски контролор на згради за можна употреба на следните високоефикасни алтернативни системи:

1) децентрализирани системи за снабдување со енергија кои користат обновливи извори на енергија;

2) системи за комбинирано производство на енергија;

3) системи кои користат топлински пумпи или

4) системи за централно греење или ладење, особени такви кои користат обновливи извори на енергија и кои се снабдуваат со енергија од централизиран извор на енергија.

(2) При анализата за употребата на високоефикасни алтернативни системи согласно со ставот (1) на овој член, задолжително се земаат предвид техничките, урбанистичките, еколошките и економските аспекти.

(3) Доказ за спроведената анализа за можната употреба на високоефикасни алтернативни системи од ставот (1) на овој член мора да биде вклучен кон потврдата за усогласеност од членот 33 став (5) од овој закон, како дел од документацијата која се поднесува со барањето за одобрение за градење.

## Згради со приближно нулта потрошувачка на енергија

### Член 36

(1) Згради со приближно нулта потрошувачка на енергија претставуваат згради со многу високи енергетски карактеристики, при што им е потребно приближно нула или многу мало количество енергија, а кое се обезбедува во најголем дел од обновливи извори, вклучувајќи и енергија од обновливи извори која се произведува на самото место на потрошувачка или во близина на таквите згради.

(2) Министерството во соработка со министерството надлежно за работите од областа на градежништвото, подготвува и донесува план за зголемување на бројот на згради со приближно нулта потрошувачка на енергија, кој содржи:

1) начин на определување на зградите со приближно нулта потрошувачка на енергија, користејќи нумерички индикатор за користење на примарна енергија (во kWh/m2 на годишно ниво);

2) датум после кој сите нови згради кои се градат мораат да бидат згради со приближно нулта потрошувачка на енергија;

3) датум после кој сите нови згради кои се градат, а кои се користат или се во сопственост на лица од јавниот сектор мораат да бидат згради со приближно нулта потрошувачка на енергија и

4) посебни цели за посебни категории на згради со приближно нулта потрошувачка на енергија.

(3) Најдоцна во рок од 30 дена од денот на изработката на планот од ставот (2) на овој член, министерството го објавува на својата веб-страница и го доставува до Секретаријатот на Енергетската заедница.

## Исклучоци

### Член 37

Одредбите од членовите 10, 32, 33, 34, 35 и 36 од овој закон не се применуваат на:

1) згради заштитени со посебен акт, издаден од надлежна институција, кои се дел од заштитено подрачје или област или поради нивното посебно архитектонско или историско значење, доколку усогласеноста со дел или сите минимални барања за енергетска ефикасност го менува нивниот карактер или изглед на несоодветен начин;

2) згради кои претставуваат недвижно културно наследство или споменици, прогласени со закон, пропис или друг акт за заштита на културното наследство кое е од особено значење и меморијални споменици;

3) згради за верски обреди или други религиозни активности;

4) згради од времен карактер, со време на користење од две години или помалку, производствени хали, индустриски згради, згради за земјоделска дејност, вклучувајќи објекти за примарна обработка на земјоделски производи и помошни објекти, а кои не се наменети за домување и имаат мала побарувачка на енергија, како и згради за земјоделска дејност кои не се наменети за домување;

5) згради за домување кои се користат или се изградени со намера да се користат за период помал од четири месеци во текот на годината или за ограничен период од годината со очекувана потрошувачка на енергија помала од 25% од просечната потрошувачката при користење на зградата во текот на целата година;

6) самостојни згради со вкупна корисна подна површина помала од 50 m2;

7) згради за кои не се издава одобрение за градба;

8) времени објекти, урбана опрема и други градби кои се градат врз основа на одобрение за поставување;

9) помошни згради на системите за електронски телекомуникации;

10) производни хали, индустриски згради и згради кои не се греат или се греат на температури до +12о C и

11) засолништа и воени објекти.

## Енергетски контроли на згради

### Член 38

(1) Со енергетската контрола на згради се обезбедува:

1) процена и исплатливост на можностите за намалување на потрошувачката на енергија во зградите и придружните (помошните) постројки и опрема на зградите;

2) издавање на сертификат за енергетски карактеристиките на зградата и

3) утврдување на остварените заштеди како резултат од примената на мерките за подобрување на енергетската ефикасност.

(2) Министерот донесува Правилник за енергетска контрола на згради со кој поблиску се уредува:

1) начинот на спроведувањето на енергетската контрола на згради, за секоја категорија на згради посебно, односно за згради со едноставен технички систем и згради со сложен технички систем, согласно со категоризацијата пропишана со Правилникот за енергетски карактеристики на зградите од членот 32 од овој закон, како и начинот на собирањетона податоци за потрошувачка на енергија на зградите и дејноста што се врши на локацијата и анализата на податоците;

2) начинот на процена на основната потрошувачка на енергија;

3) содржината и формата на извештајот за спроведена енергетската контрола на згради;

4) методологија за пресметка, мерење и верификација на заштедата на енергија кај зградите, како и за пресметка на трошковно-оптималните нивоа на минималните енергетски барања за карактеристиките на зградите и градежните елементи;

5) содржината и формата на извештајот за спроведена енергетска контрола и начин на подготовка на извештајот;

6) основните елементи на програмата и начинот на спроведување на обука, како и постапката за полагање на стручен испит за енергетски контролори на згради;

7) основни елементи на програмата за усовршување на енергетските контролори;

8) начинот, постапката и поблиските услови за избор на правни лица што вршат обуки за енергетски контролори на згради;

9) содржината и формата на барањето за издавање, продолжување и признавање на овластување за енергетски контролор на згради, како и потребната документација;

10) содржината и формата на барањето за издавање, продолжување и признавање на лиценца за вршење на енергетска контрола на згради, како и потребната документација;

11) содржината, формата и начинот на водење на регистарот на издадени, одземени и признаени овластувања за енергетски контролори на згради;

12) содржината, формата и начинот на водење на регистарот на издадени, одземени и признаени лиценци за вршење на енергетски контроли за вршење енергетска контрола на згради;

13) содржината и формата на уверението за успешно завршена обука за усовршување на енергетски контролор на згради и

14) содржината и формата на овластувањето за енергетски контролор на згради и лиценцата за вршење на енергетска контрола на згради.

(3) Носителот на лиценца за вршење на енергетска контрола на згради по спроведената енергетска контрола изготвува извештај за енергетска контрола и наплаќа надоместок.

(4) Висината на надоместокот од ставот (3) на овој член се пресметува врз основа на категоријата, намената и површината на зградите кои се предмет на енергетска контрола со Тарифникот за енергетски контроли на згради.

(5) Нарачателот на енергетска контрола може да го стави на располагање извештајот за спроведена енергетска контрола на зграда од ставот (3) на овој член на ЕСКО кои вршат енергетски услуги согласно со овој закон.

(6) Министерството врши годишна контрола на спроведените енергетски контроли на згради, по случаен избор и согласно со начелата на транспарентност и недискриминација, преку проверка на статистички значаен и репрезентативен примерок од сите извршени енергетски контроли на згради. За оваа намена, Министерството може да ангажира соодветно квалификуван надворешен експерт или правно лице.

(7) Ако Министерството врз основа на контролата од ставот (6) на овој член, утврди дека спроведената енергетска контрола не е спроведена во согласност со Правилникот за енергетска контрола на згради, поднесува барање за поведување на прекршочна постапка согласно со одредбите од овој закон.

## Овластени енергетски контролори на згради

### Член 39

(1) Министерството спроведува испит за енергетски контролори на згради и издава овластувања за енергетски контролори на згради, на начин пропишан во Правилникот за енергетска контрола на згради од членот 38 став (2) од овој закон.

(2) Физичко лице може да полага испит за енергетски контролор на згради, со доставување на барање до Министерството и доказ дека ги исполнува следниве услови:

1) најмалку завршено високо образование во областа на градежништвото, машинството, архитектурата или електроенергетиката со стекнати најмалку 240 ЕКТС или VII/1 степен односно VIA ниво од Македонската рамка на квалификации;

2) има најмалку пет години работно искуство на работи на испитување, проектирање, надзор на изградба или реконструкција на згради и нивните инсталации или работа на стручни или научни дејности од областа на градежништвото и енергетиката;

3) поседува уверение за завршена обука за енергетски контролор на згради кај правните лица овластени за спроведување на обуки за енергетски контролори на згради;

4) доказ дека е извршена уплата за надоместок за полагање на испит за енергетски контролор на згради и

5) доказ за извршена уплата за административна такса согласно Законот за административните такси.

(3) Барањата и документацијата која како доказ се доставува кон барањето од ставот (2) на овој членможе да бидат поднесени со употреба на средство за електронска идентификација преку Националниот портал за електронски услуги или преку посредник на административни услуги по електронски пат, согласно прописите од областа на електронското управување и електронските услуги и од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливи услуги.

(4) Во случај на технички прекин на функционалноста на Националниот портал за електронски услуги илиНационалната платформа за интероперабилност, барањата и документацијата може да се достават и во форма на електронски документ преку квалификувана електронска препорачана достава на електронската адреса на подносителот согласно прописите од областа на електронските документи, електронска идентификација и доверливите услуги.

(5) Испитот од ставот (1) на овој член се спроведува во февруарска, мајска и октомвриска испитна сесија.

(6) Испитот од ставот (1) на овој член се состои од писмен и практичен дел кој се полага пред Комисија формирана од министерот.

(7) Комисијата од ставот (6) на овој член е составена од три члена, од кои двајца се претставници од Министерството и еден е претставник од Министерството надлежно за вршење на работите од областа на уредување на просторот, од редот на вработенитево Министерствата состекнато најмалку 240 ЕКТС или VII/1 степен односно VIA ниво од Македонската рамка на квалификации од областа на градежништвото, архитектурата, машинството или електротехниката.

(8) На членовите на Комисијата од ставот (7) на овој член, им следува надоместок за извршената работа кој треба да биде соодветен на обемот и сложеноста на работата и не повисок од една десетина од просечната месечна нето-плата исплатена во Република Северна Македонија во претходната година, објавена од Државниот завод за статистика.

(9) Надоместокот за извршената работа на членовите на Комисијатаод ставот (8) на овој член со решение го определува министерот, а се обезбедува од надоместокот на пријавените кандидати за полагање на испитот за енергетски контролори на згради, согласно со Тарифникот за енергетски контроли на згради од членот 33 став (3) од овој закон.

(10) Надоместокот на пријавените кандидати за полагање на испитот за енергетски контролори на згради од ставот (9) на овој член се утврдуваат во зависност од просторните и материјалните услови, трошоците за ангажирање на стручни лица за спроведување на испитот согласно со Тарифникот за енергетски контроли на згради од членот 33 став (3) од овој закон.

(11) Уплатениот надоместок за полагање на испитот за енергетски контролори на згради е приход на Буџетот на Република Северна Македонија.

## Издавање и продолжување на овластување за енергетски контролори на згради

### Член 39-а

(1) За издавање на овластување за енергетски контролор на згради, физичкото лице кое го положило испитот од членот 39 став (1) на овој член, поднесува барање до Министерството.

(2) Кон барањето од ставот (1) на овој членседоставува потврда за положен испит за енергетски контролор на згради, доказ дека е извршена уплата за надоместок за полагање на испит за енергетски контролор на згради и доказ за уплата на административни такси.

(3) По приемот на барањето од ставот (1) на овој член Министерството ја утврдува исполнетоста на условите за издавање на овластување,донесува решение за издавање на овластување за енергетски контролор на згради и издава овластување за енергетски контролор на згради во рок од 15 дена од денот на приемот на барањето од ставот (1) на овој член.

(4) Доколку барањето од ставот (1) на овој член не е комплетно, министерствотодонесува решение со кое се одбива барањето за издавање на овластување за енергетски контролор на згради, во рок од 15 дена од денот на приемот на барањето од ставот (1) на овој член.

(5) Физичкото лице кое се стекнало со овластување за енергетски контролор на згради може да врши енергетска контрола на згради само ако е вработено кај носител на лиценца за вршење на енергетска контрола на згради.

(6) Овластувањето за енергетски контролор на згради важи за период од три години, со можност за продолжување на секои три години.

(7) Овластувањето за енергетски контролори на згради, може да се продолжи само доколку енергетскиот контролор на згради успешно ја заврши обуката за усовршување на енергетските контролори на згради, согласно Правилникот за енергетска контрола на згради од членот 38 став (2) од овој закон.

(8) Енергетскиот контролор на згради поднесува барање за продолжување на овластувањето до Министерството, најдоцна 30 дена пред истекот на рокот на важност на овластувањето. Кон барањето се доставува доказ за завршена обука за усовршување на контролори на згради, доказ дека е извршена уплата за надоместок за продолжување на овластувањето за енергетски контролор на згради согласно со Тарифникот за енергетски контроли на згради од членот 33 став (3) од овој закон и доказ за уплата на административни такси.

(9) Министерството донесува решение за продолжување на овластувањето за енергетски контролор на згради и овластување за енергетски контролор на зградиодносно донесува решение со кое се одбива барањето за продолжување на овластување за енергетски контролор на згради,во рок од 15 дена од денот на приемот на барањето.

(10) Барањата и документацијата која како доказ се доставува кон барањето од ставовите (2) и (8) на овој член може да бидат поднесени со употреба на средство за електронска идентификација преку Националниот портал за електронски услуги или преку посредник на административни услуги по електронски пат, согласно прописите од областа на електронското управување и електронските услуги и од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливи услуги.

(11) Решението и овластувањето од ставовите (3) и(9) на овој член може да биде издадено и во форма на електронски документ, кој се доставува на профилот на корисникот на Националниот портал за електронски услуги или во една точка за услуги согласно прописите од областа на електронското управување и електронските услуги и од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливи услуги.

(12) Во случај на технички прекин на функционалноста на Националниот портал за електронски услуги илиНационалната платформа за интероперабилност, барањата и документацијата од ставот (10) на овој член односно решението и овластувањето од ставот (11) на овој член може да се достави и во форма на електронски документ преку квалификувана електронска препорачана достава на електронската адреса на подносителот согласно прописите од областа на електронските документи, електронска идентификација и доверливите услуги.

(13) Уплатениот надоместок за издавање на овластувањето и за продолжување на овластувањето за енергетски контролори на згради е приход на Буџетот на Република Северна Македонија и се наплаќа согласно со Тарифникот за енергетски контроли на згради од членот 33 став (3) од овој закон.

**Овластување за енергетски контролори на згради издадено од надлежно тело на друга држава**

**Член 39-б**

(1) Овластувањето за енергетска контрола на згради издадено од надлежно тело на државакојашто едоговорна страна или учесник во Договорот за основање на енергетска заедница, на барање на овластеното лице може да се признае од страна на Министерството, со примена на начелото на реципроцитет.

(2) Постапката за признавање на овластувањето или друг соодветен документ за енергетски контролор (во натамошниот текст:признавање на овластувањето) ја спроведува Комисијата за признавање на овластување, што ја формира министерот.

(3) Комисијата од ставот (2) на овој член е составена од три члена, од кои двајца се претставници од Министерството и еден е претставник од Министерството надлежно за работите од областа на градежништвото. Членовите на Комисијата се избираат за период од четири години.

(4) За својата работа Комисијата донесува деловник.

(5) Кон барањето за признавање на овластувањето од ставот (1) од овој член се приложува и следнава документација:

1) издаденото овластувањето во оригинал или друг соодветен документ за енергетски контролор на згради издаден од надлежен орган на друга држава и заверен превод на овластувањето или друг соодветен документ за енергетски контролор на згради на македонски јазик и

2) другписмен документ издаден од надлежното тело коеиздава таков вид на овластувања со заверен превод.

(6) Доколку Комисијата од ставот (2) на овој член утврди дека барањето за признавање на овластувањето ги исполнува условите за признавање, му предлага на министеротда донесе решение за признавање на овластувањето. Решението за признавање на овластување се донесува во рок од 15 дена од денот на приемот на барањето.

(7) Доколку Комисијата од ставот (2) на овој член утврди дека барањето за признавање на овластувањето не ги исполнува условите за признавање на овластувањето или друг соодветен документ за енергетски контролор на згради, му предлага на министерот да донесе решение со кое се одбива барањето за признавање на овластувањето. Решението за одбивање на барањето се донесува во рок од 15 дена од денот на приемот на барањето.

(8) Против решението од ставот (7) на овој член може да се поведе управен спор. Во постапката за водење на управен спорможе да се применат и прописите од областа на електронското управување и електронските услуги и од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливи услуги.

(9) Министерството наплатува надоместок за признавање на овластување за вршење на енергетска контрола на згради од ставот (1) на овој член определен со Тарифникот за енергетските контроли на згради од членот 33 став (3) од овој закон. Уплатениот надоместок запризнавање на овластување за вршење на енергетска контрола на згради е приход на Буџетот на Република Северна Македонија.

(10) Носителот на признаено овластување за енергетски контролори на згради издадено од друга држава е должен да ја спроведува енергетската контрола кај згради и да ги почитува обврските за носители на овластување за енергетска контрола на згради пропишани согласно со овој закон и прописите донесени согласно со овој закон.

(11) Барањата и документацијата која се доставува кон барањето одставот (5) на овој член, може да бидат поднесени со употреба на средство за електронска идентификација преку Националниот портал за електронски услуги или преку посредник на административни услуги по електронски пат, согласно прописите од областа на електронското управување и електронските услуги и од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливи услуги.

(12) Решенијата од ставовите (6) и(7) на овој член, може да бидат издадени и во форма на електронски документ, кој се доставува на профилот на корисникот на Националниот портал за електронски услуги или во една точка за услуги согласно прописите од областа на електронското управување и електронските услуги и од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливи услуги.

(13) Во случај на технички прекин на функционалноста на Националниот портал за електронски услуги илиНационалната платформа за интероперабилност, барањата и документацијата од ставот (11) на овој член односно решенијата од ставот (12) на овој член може да се достават и во форма на електронски документ преку квалификувана електронска препорачана достава на електронската адреса на подносителот согласно прописите од областа на електронските документи, електронска идентификација и доверливите услуги.

(14) На членовите на Комисијата од ставот (2) на овој член им следува надоместок за извршената работа, кој треба да биде соодветен на обемот и сложеноста на работата и не повисок од една десетина од просечната месечна нето-плата исплатена во Република Северна Македонија во претходната година, објавена од Државниот завод за статистика, кој со решение го определува министерот и се обезбедува од надоместокот на пријавените кандидати за полагање на испитот за енергетски контролори на згради, согласно со Тарифникот за енергетски контроли на згради од членот 33 став (3) од овој закон.

## Одземање на овластување на енергетскиот контролор на згради

### Член 39-в

(1) Енергетскиот контролор на згради е должен да ја врши енергетската контрола на објективен и независен начин и не смее да извршува енергетска контрола на згради кај нарачател правно лице:

1) во кое поседува акции или удел;

2) со кое соработувал во изработка на проектот, ревизија на проектот или изградбата на зградата, вршел надзор на градење, или вршел работи на одржување на зградата или градежната единица за кој се бара енергетската контрола на згради или

3) во кое е член на орган на управување односно надзор, прокурист или полномошник.

(2) Енергетскиот контролор на згради не смее да извршува енергетска контрола на згради ако нарачателот, или сопственикот на удели или акции во нарачателот, или законскиот застапник на нарачателот е физичко лице:

1) со кое соработувал во изработка на проектот, ревизија на проектот или изградбата на зградата вршел надзор на градење;

2) за кое вршел работи на одржување на зградата или градежната единица за кој се бара енергетската контрола на згради или

3) со кој е во брачна врска или роднинска врска во права линија и странична линија до трет степен.

(3) Енергетскиот контролорпри вршење на енергетска контрола на зграда на носителот на лиценца за вршење на енергетскиконтроли на згради од членот 41 од овој закон, му доставува и писмена изјава заверена на нотардека енергетската контрола на зградата ја извршил согласно ставовите (1) и(2) на овој член.

(4) На енергетскиот контролор на зградиМинистерството со решение може да муго одземе овластувањето за вршење на енергетски контроли на згради, доколку:

1) енергетскиот контролор на згради не ја врши енергетската контрола независно и објективно, односно во согласност со овој закон и прописите донесени врз основа на овој закон;

2) на енергетскиот контролор на згради му е изречена прекршочна санкција забрана за вршење на професија, дејност или должност или

3) делумно или целосно ја изгуби деловната способност.

(5) Против решението за одземање на овластувањето од ставот (4) на овој член може да се поведе управен спор. Вопостапката за водење науправен спорможе да се применат ипрописите од областа на електронското управување и електронските услуги и од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливи услуги.

(6) Енергетскиот контролор на згради на кој му е одземено овластувањето врз основа на ставот (4) точка 1) на овој член нема право да поднесе барање за издавање на ново овластување пред истекот на најмалку една година од денот на одземањето на овластувањето.

(7) Министерството во електронска формаводи регистар на издадени, продолжени, одземени и признаени овластувања за енергетски контролори на згради,кој го објавува на својата веб-страница.

(8) Изјавата од ставот (3) на овој членможе да се поднесе со употреба на средство за електронска идентификација преку Националниот портал за електронски услуги или преку посредник на административни услуги по електронски пат, согласно со прописите од областа на електронското управување и електронските услуги и од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливи услуги.

(9) Решението од ставот (4) на овој член може да биде издадено и во форма наелектронски документ, кој се доставува на профилот на корисникот на Националниот портал за електронски услуги или во една точка за услуги согласно прописите од областа на електронското управување и електронските услуги и од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливи услуги.

(10) Во случај на технички прекин на функционалноста на Националниот портал за електронски услуги илиНационалната платформа за интероперабилност, изјавата од ставот (8) на овој член односно решението од ставот (9) на овој член може да се достави и во форма на електронски документ преку квалификувана електронска препорачана достава на електронската адреса на подносителот согласно прописите од областа на електронските документи, електронска идентификација и доверливите услуги.

## Обуки на енергетските контролори на згради

### Член 40

(1) Министерството најмалку еднаш на три години, објавува повик за избор на правни лица за спроведување на обуки за енергетски контролори на згради, како и за усовршување на енергетските контролори на згради.

(2) Министерството врши избор на правно лице за спроведување на обука на енергетски контролори на згради и за спроведување на обука за усовршување на енергетски контролори на згради регистрирано во Централниот регистар на Република Северна Македонија, во постапка согласно со Законот за јавните набавки (*) и донесуварешение за избор на правно лице, кое ги исполнува просторните, техничките и кадровските услови пропишани во Правилникот за енергетски контроли на згради од членот 38 став (2) од овој закон.

(3) Министерството ги изготвува и донесува програмите за обука и усовршување на енергетските контролори на згради најдоцна до 31 октомври во годината во која се врши избор на правни лица за спроведување на обуки и усовршување на енергетски контролори на згради. Програмите се објавуваат на веб-страницата на Министерството.

(4) Министерството води евиденција на избраните правни лица од ставот (2) на овој член и истата ја објавува на својата веб-страница.

(5) Правните лица од ставот (2) на овој член се должни да ги спроведуваат обуката и усовршувањето на енергетски контролори на згради согласно со Правилникот за енергетска контрола на згради и програмата за обука и програмата за усовршување на енергетските контролори на згради од ставот (3) на овој член.

(6) Министерството го следи начинот на спроведувањето на обуките и усовршувањето на енергетски контроли и доколку утврди неправилности или непочитување на одредбите на овој закон или Правилникот за енергетска контрола на згради, може да донесе решение со кое се укинува решението за избор на правно лице за спроведување на обуки или усовршување на енергетски контролори на згради.

(7) Против решението на Министерството за укинување на решението за избор може да се поведе управен спор.

(8) Правните лица од ставот (2) на овој член издаваат уверение за успешно завршена обука за енергетски контролор на згради и уверение за успешно завршена обука за усовршување на енергетски контролор на згради, најдоцна 15 дена по завршувањето на обуката.

(9) Висината на надоместоците за учество на обука за енергетски контролори на згради и обука за усовршување се утврдуваат во зависност од просторните и материјалните услови, трошоците за ангажирање на стручни лица за спроведување на обуките и се пропишуваат со Тарифникот за енергетски контроли на згради од членот 33 став (3) од овој закон.

**Носители на лиценца за вршење на енергетски контроли на згради**

**Член 41**

(1) Со лиценца за вршење на енергетска контрола на згради може да се стекне трговец поединец или правно лице кое има вработено најмалку две лица со овластување за енергетски контролор на згради.

(2) Лиценцата од ставот (1) на овој член се издава врз основа на поднесено барање до Министерството кон кое се приложува документ за регистрирана дејност, доказ за вработен овластен енергетски контролор на згради доказ дека е извршена уплата за надоместок за издавање на лиценца за вршење на енергетска контрола на згради и доказ за уплата на административни такси.

(3) Доколку подносителот на барањето не го исполнува условот утврден во ставот (1) на овој член или поднесе нецелосно барање од ставот (2) на овој член, министерството донесува решение со кое се одбива барањето.

(4) Лиценцата за вршење на енергетска контрола на згради важи за период од пет години, со можност за продолжување на секои пет години. Лиценцата може да се продолжи доколку носителот на лиценца кој го исполнува условот од ставот (1) на овој член, поднесе барање за продолжување на лиценцата до министерството, најдоцна 30 дена пред истекот на постојната лиценца.

(5) Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини наплаќа надоместок за издавање на лиценца за вршење на енергетска контрола во износ од 6.000 денари и надоместок за продолжување на лиценца за вршење на енергетска контрола во износ од 3.000 денари. Уплатениот надоместок за издавање и продолжување на лиценца за вршење на енергетски контроли на згради е приход на Буџетот на Република Северна Македонија.

(6) Носител на лиценца е должен да води евиденција за извршените енергетски контроли, а документацијата за извршените контроли ја чува најмалку десет години.

(7) За секоја настаната промена во уписот во трговскиот регистар или регистарот за други правни лица и/или за промени во врска со вработените енергетски контролори, носителот на лиценца за вршење на енергетска контрола на згради должен да го извести министерството во рок од 15 дена од настанатата промена, со приложување на соодветен доказ за настанатата промена.

(8) Лиценцата или друг соодветен документ за вршење на енергетска контрола на згради издадена од надлежно тело на држава којашто е договорна страна или учесник во Договорот за основање на енергетската заедница, со примена на начелото на реципроцитет, може да се признае од страна на министерството на барање на носителот кој е должен да основа подружница со седиште во Република Северна Македонија.

(9) За начинот и постапката за признавање на лиценца од ставот (8) на овој член, соодветно се применуваат одредбите од членот 39-ставови (2) , (3) , (4) , (5) , (6) , (7) , (8) , (9) , (10) и (11) од овој закон.

(10) Министерството наплаќа надоместок за признавање на лиценца за вршење на енергетска контрола во износ од 6.000 денари. Уплатениот надоместок за издавање и продолжување на лиценца за вршење на енергетски контроли на згради е приход на Буџетот на Република Северна Македонија.

(11) Министерството донесува решение за одземање на лиценцата за вршење на енергетски контроли на згради, ако:

1) носителот на лиценца престанал да го исполнува условот од ставот (1) на овој член;

2) носителот на лиценца не го достави годишниот извештај во пропишаниот рок до Министерството;

3) носителот на лиценца не ја врши енергетската контрола независно, самостојно и објективно, во согласност со овој закон и прописите донесени врз основа на овој закон или

4) носителот на лиценца не го извести министерството за секоја настаната промена согласно со ставот (8) на овој член.

(12) Против решението на министерството од ставовите (3) и (11) на овој член може да се поведе управен спор.

(13) Носител на лиценца е должен најдоцна до 31 декември во тековната година да достави до министерството доказ од надлежен орган за водење на евиденција на вработени лица за исполнување на условот од ставот (1) на овој член.

(14) Носителот на лиценца за вршење на енергетска контрола на згради е должен, најдоцна до 31 јануари во тековната година, да достави до Министерството годишен извештај за спроведените енергетски контроли на згради во претходната календарска година, кон кој ги приложува сите поединечни извештаи за извршените енергетски контроли за извештајниот период.

(15) Министерството, врз основа на годишните извештаи од ставот (14) на овој член, подготвува годишен извештај за претходната календарска година и истиот го објавува на веб-страницата најдоцна до 31 март во тековната година.

(16) Министерството води регистар за издадени, одземени и признаени лиценци за вршење на енергетски контроли на згради, кој го објавува на својата веб-страница.

## Систем за верификација на сертификати за енергетски карактеристики на згради

### Член 42

(1) Министерството воспоставува систем за верификација на сертификати за енергетски карактеристики на згради со цел да изврши проверка на издадените сертификати за енергетски карактеристики на згради преку:

1) проверка на точноста и целосноста на податоците за зградата, односно градежната единица, врз основа на кои е издаден сертификатот за енергетските карактеристики на зградата и проверка на веродостојноста на податоците наведени во сертификатот;

2) проверка на соодветноста на предложените мерки за подобрување на енергетските карактеристики во извештајот на спроведената енергетска контрола и

3) посета на зградата односно градежната единица со цел проверка на соодветноста помеѓу податоците во сертификатот за енергетски карактеристики на зградата и фактичката состојба во зградата, по случаен избор.

(2) Носителите на лиценци за вршење на енергетски контроли на згради се должни да ги достават издадените сертификати за енергетски карактеристики на зградите до Министерството, најдоцна во рок од 15 дена по издавањето на сертификатот.

(3) Министерството води регистар за евиденција на сертификатите за енергетски карактеристики на зградите и овозможува пристап до регистарот со цел проверка на сертификатите за енергетски карактеристики на зградите, на барање од суд, надлежен орган или лице кое има правен интерес.

(4) Министерот донесува Правилник со кој подетално се уредуваат постапките за воспоставување и функционирање на системот за верификација од ставот (1) на овој член, како и начин на водењето на регистарот на сертификатите за енергетски карактеристики на зградите од ставот (3) на овој член.

# IX. ОЗНАЧУВАЊЕ НА ПОТРОШУВАЧКАТА НА ЕНЕРГИЈА И ЕКО ДИЗАЈН НА ПРОИЗВОДИ

## Означување на производите што користат енергија

### Член 43

(1) Техничката документација на производите што користат енергија кои имаат значително директно или индиректно влијание врз потрошувачката на енергија или врз потрошувачката на други ресурси за време на употребата, мора да ги содржи потребните информации за потрошувачката на енергија и да вклучува етикета со која се означува класата на енергетска ефикасност на производот.

(2) Трговецот со производите што користат енергија од ставот (1) на овој член, како и при продажба на далечина или преку интернет е:

1) должен да ја истакне, на видно место, етикетата со која се означува класата на енергетска ефикасност;

2) должен да им обезбеди на потрошувачите пристап до информативен лист за производот, а по барање на потрошувачот да го обезбеди информативен лист и во печатена форма на местото на продажба;

3) одговорен за точноста на етикетите и информативните листови што ги обезбедува и

4) должен во секое време да има пристап до техничката документација и на барање на надлежниот инспектор да ја обезбеди електронската верзија на документацијата на увид.

(3) Снабдувачот на производите од ставот (1) на овој член е должен:

1) да обезбеди секој од производите кој се става во промет да е означен во согласност со овој закон и прописите донесени согласно овој закон;

2) да ја истакне етикетата со која се означува класата на енергетска ефикасност на видно место и без надоместок;

3) да овозможи пристап до информативниот лист за производот, како дел од упатство или друга соодветна документација за производот и

4) да обезбеди точност на податоците содржани во етикетите и информативниот лист, како и дополнителни технички податоци што ги придружуваат производите кои овозможуваат проверка на точноста на етикетите и информативниот лист.

(4) Откако одреден производ е ставен во употреба, снабдувачот со производи што користат енергија е обврзан да бара посебна согласност од потрошувачот во врска со било какви измени кои се применливи на производот преку ажурирање или друг сличен начин, а таквите измени би ги намалиле параметрите на енергетска ефикасност на производот во однос на оние параметри кои се наоѓаат на етикетата за енергетска ефикасност. Во тие случаи, снабдувачот со производи што користат енергија е обврзан да го извести потрошувачот за целта на ажурирањето и измените во параметрите, вклучувајќи измени на класата на енергетска ефикасност на производот. Во период кој соодветствува на просечниот животен век на производот, снабдувачот на производот е должен да му даде можност на потрошувачот да не го ажурира таквиот производ, без притоа да претрпи губење на функционалноста на самиот производ.

(5) Снабдувачот со производи што користат енергија не смее да става во промет, односно е должен да го отстрани од промет производот за кој надлежен орган во Република Северна Македонија или во земја членка на Европската Унија или договорна страна на Енергетската Заедница утврди дека е направен на начин да има различни перформанси при тестирање во однос на реалните перформанси и притоа реалните перформанси за кој било параметар се надвор од пропишаните, согласно со соодветен стандард или согласно со документацијата доставена со производот.

(6) Снабдувачот и трговецот со производи што користат енергија се исто така должни:

1) да укажуваат на енергетската класа на производот и на распонот на енергетски класи достапни на етикетата при визуелно огласување или во промотивни материјали;

2) да соработуваат со Државниот пазарен инспекторат и останати надлежни тела за надзор на пазарот, како и да преземаат итни активности за спречување на повреда на прописите за енергетско означување на производи, по нивна иницијатива или по налог на инспектор;

3) да не нудат или истакнуваат ознаки, етикети, симболи или било какви знаци кои не се во согласност со применливите прописи, а кои би можеле да ги наведат или збунат потрошувачите во врска со потрошувачката на енергија или друг ресурс при користење на производот;

4) за производи за кои не се применува овој закон, да не доставуваат или истакнуваат етикети за енергетска ефикасност кои се визуелно слични со етикетите кои се истакнуваат согласно со овој закон;

(7) Министерот донесува Правилник за означување на потрошувачката на енергија и другите ресурси за производите што користат енергија во кој детално се пропишуваат:

1) производите кои треба да бидат означени;

2) начинот на означување на производите;

3) начинот на означување на производите при огласување, продажба на далечина или преку интернет;

4) начинот на определување на класите на производите кои се означуваат;

5) формата и содржината на етикетата;

6) начинот на вршење на надзорот од страна на Државниот пазарен инспекторат во врска со означувањето на производите и

7) формата и содржината на извештаите од ставот (9) на овој член кои се доставуваат до Министерството.

(8) Производите од ставот (1) на овој член можат да се увезат и/или да се стават во промет во Република Северна Македонија само доколку се означени во согласност со Правилникот за означување од ставот (7) на овој член.

(9) Снабдувачите и трговците со производи што користат енергија имаат обврска да доставуваат годишни извештаи најдоцна до 31 март во тековната година за претходната година до Министерството во врска со производите кои се предмет на означување и се ставаат во промет во Република Северна Македонија, во форма и содржина пропишана со Правилникот од ставот (7) на овој член.

(10) Одредбите од овој член кои се однесуваат на обврските на снабдувачите и трговците со производи кои користат енергија не се применуваат на:

1) производи кои се продаваат како користени производи;

2) средства за транспорт на лица или стоки и

3) знаците за сообразност кои се однесуваат на безбедноста на производите.

## Еко дизајн на производи

### Член 44

(1) Снабдувачите и трговците со производи што користат енергија се должни да увезуваат, ставаат во промет и/или ставаат во употреба исклучиво производи што користат енергија или имаат влијание на потрошувачката на енергија кои:

1) ги исполнуваат утврдените технички барања во врска со еко дизајнот согласно со уредбата од ставот (2) на овој член;

2) сообразноста на производите е утврдена во пропишана постапка согласно со прописите за оцена на сообразност и

3) производите се означени во согласност со уредбата од ставот (2) на овој член која ги пропишува барањата за еко дизајн на соодветната група на производи.

(2) Владата на предлог на министерството, донесува уредба со која се пропишуваат постапките, генеричките и специфичните барања за еко дизајнот, внатрешната контрола и системите за оцена на сообразност, поблиските барања кои треба да ги исполнат трговците, снабдувачите и увозниците на производи што користат енергија во врска со еко дизајнот, како и динамиката и роковите за примената на барањата за еко дизајн на производите што користат енергија.

(3) Снабдувачите и трговците со производи што користат енергија имаат обврска да доставуваат годишни извештаи најдоцна до 31 март за претходната година до министерството, за производите од ставот (1) на овој член.

## X. НАДЗОР

### Член 45

(1) Министерството врши надзор над спроведувањето на овој закон и прописите донесени врз основа на овој закон.

(2) Министерството врши надзор над законитоста на работата на единиците на локалната самоуправа во согласност со овој закон и прописите донесени согласно со овој закон.

(3) Министерството врши надзор на сертификати за енергетски карактеристики на згради во согласност со овој закон и прописите донесени согласно овој закон, како и надзор над извештаите од членот 34 став (4) од овој закон.

(4) Регулаторната комисија за енергетика врши надзор над спроведувањето на обврските на вршителите на регулирани дејности пропишани во согласност со овој закон и прописите донесени согласно со овој закон, а согласно со овластувањата пропишани со Законот за енергетика.

(5) Инспекциски надзор врз спроведувањето на овој закон и прописите донесени врз основа на овој закон во однос на означувањето на потрошувачката на енергија и другите ресурси и еко дизајнот за производите што користат енергија ги врши Државниот пазарен инспекторат.

## XI. ПРЕКРШОЧНИ ОДРЕДБИ

### Надлежност за прекршок

### Член 46

(1) Поведување на прекршочна постапка за прекршоци утврдени во овој закон можат да побараат органите кои со овој закон се задолжени да вршат надзор.

(2) За прекршоците од членовите 49, 50, 51, 52 и 55 од овој закон надлежните органи од ставот (1) на овој член, поднесуваат барање за поведување на прекршочна постапка до надлежниот суд.

(3) На постапките од ставот (1) на овој член се применуваат одредбите од Законот за прекршоци.

### Член 47

(1) Министерството ја води прекршочната постапка и изрекува прекршочни санкции за прекршоците од членовите 53, 54 и 56 од овој закон.

(2) За водење на прекршочната постапка и изрекување на прекршочна санкција за прекршоците, министерот со решение формира комисија за одлучување по прекршок (во натамошниот текст: Прекршочна комисија), составена од три члена од редот на лицата вработени во министерството и тоа:

1) еден член дипломиран правник, со положен правосуден испит и со пет години работно искуство во својата област, којшто е претседател на Прекршочната комисија;

2) еден член со висока стручна подготовка од областа на техничките науки со пет години работно искуство во својата област и

3) еден член со висока стручна подготовка од областа на економските науки со пет години работно искуство во својата област.

(3) Прекршочната комисија се избира за период од три години со право на повторен избор на членовите.

(4) Министерот на предлог на претседателот на Прекршочната комисија може да донесе решение за разрешување на член на Прекршочната комисија во следниве случаи:

1) со истекот на времето за кое е именуван за член;

2) по негово барање;

3) со исполнување на условите за старосна пензија согласно со закон;

4) ако му се утврди трајна неспособност за учество во работата на Прекршочната комисија;

5) ако со правосилна судска одлука се утврди прекршување на прописите за водење на прекршочната постапка;

6) ако не ги извршува обврските кои произлегуваат од работењето во Прекршочната комисија и

7) ако не пријавил постоење на конфликт на интереси за случај за кој решава Прекршочната комисија.

(5) Прекршочната комисија донесува деловник за својата работа кој го одобрува министерот.

(6) Прекршочната комисија работи во совет, а одлучува со мнозинство гласови од вкупниот број на членови.

(7) Членовите на Прекршочната комисија одлучуваат самостојно и независно врз основа на закон и според своето стручно знаење и сопствено убедување.

(8) Против решението на Прекршочната комисија може да се поведе постапка пред надлежен орган согласно со Законот за прекршоците.

**Овластувања на надлежниот инспектор**

**Член 48**

(1) Штом надлежниот инспектор утврди дека е сторен прекршок од овој закон, составува записник во кој ги забележува битните елементи на дејствието од кое произлегува правното обележје на прекршокот, лично име, адреса и единствен матичен број на граѓанинот, ако се работи за странец и број на патната исправа и држава, а за правно лице, назив, седиште и даночен број, времето, местото и начинот на сторувањето на прекршокот, описот на дејствието, правната квалификација на прекршокот и лицата затекнати на самото место.

(2) Пред да поднесе барање за поведување на прекршочна постапка за прекршоците од членовите 53, 54 и 56 од овој закон, надлежниот инспектор е должен на сторителот на прекршокот да му предложи постапка за порамнување со издавање на прекршочен платен налог.

(3) Надлежниот инспектор на сторителот на прекршокот му издава прекршочен платен налог.

**Прекршоци**

**Член 49**

(1) Глоба во износ до 2% од вкупните приходи на правното лице остварени од енергетската дејност во претходната фискална година му се изрекува за прекршок на:

1) обврзаните страни доколку не ги применуваат мерките за постигнување на целите за заштеди во финалната потрошувачка на енергија, определени со Уредбата од членот 14 став (1) од овој закон;

2) операторите на системите за пренос и дистрибуција на електрична енергија и природен гас, како и операторот на системот за дистрибуција на топлинска енергија ако не спроведе техничка и економска процена за сите трошоци и придобивки за пазарот, како и зголемување на енергетската ефикасност од воведување на напредни системи за мерење и паметни мрежи (член 20 став (1));

3) операторите на системот за пренос и дистрибуција на електрична енергија и природен гас, како и операторот на системот за дистрибуција на топлинска енергија ако при планирање на развој на соодветните системи за подрачјето на кое ја вршат дејноста не направат процена на намалување на загубите и потенцијалот за подобрување на енергетската ефикасност во нивните системи (член 21 став (1)).

(2) Глоба во износ од 500 до 1.000 евра во денарска противвредност се изрекува за прекршок од ставот (1) на овој член и на одговорното лице во правното лице.

(3) Покрај глобата од ставот (2) на овој член, на одговорното лице може да му се изрече и прекршочна санкција забрана на вршење должност во траење до 30 дена.

### Член 50

(1) За прекршок на лицата од јавниот сектор им се изрекува глоба во износ од 500 до 10.000 евра во денарска противвредност, ако:

1) не ја следи и не управува со производството и потрошувачката на енергија во зградите и градежните единици во коишто ја вршат дејноста на начин на кој се остварува заштеда на енергија и не ги спроведува пропишаните мерки за подобрување на енергетската ефикасност за кои е одговорна согласно соодветниот ИЕЕ, програмите и годишните планови (член 11 став (1)) и

2) не определи одговорно лице од редот на своите вработени или не ангажира стручно лице (член 11 став (5)).

(2) Глоба во износ од 100 до 1.000 евра во денарска противвредност се изрекува за прекршок за дејствијата од ставот (1) на овој член и на службеното лице кај лицата од јавниот сектор.

### Член 51

(1) Глоба во износ од 500 до 10.000 евра во денарска противвредност се изрекува за прекршок на правно лице, ако:

1) не ја наведе најниската прифатлива класа на енергетска ефикасност на производите кои се предмет на набавката (член 13 став (1));

2) не набавува производи со највисоко ниво на енергетска ефикасност (член 13 став (2));

3) не ги обврзат понудувачите при извршувањето на услугите или работите кои се предмет на јавната набавка да користат само производи кои ги задоволуваат барањата наведени во членот 13 ставови (1) и (2) од овој закон (член 13 став (3));

3-а) не ги наведе во техничката спецификација очекуваните еколошки и енергетски влијанија за времетраењето на оперативниот период на возилата за патен превоз кои се предмет на набавката (член 13 став (4) );

4) набавува или изнајмува простории за сопствена употреба, згради и градежни единици во кои се наоѓаат таквите простории, кои не поседуваат соодветен сертификат за енергетски карактеристики (член 13 став (5));

5) не спроведе енергетска контрола на големите трговци на секои четири години (член 15 став (1));

6) не го достави извештајот за спроведената енергетска контрола до Министерството во рок од 30 дена од спроведување на контролата (член 15 став (5));

7) не достават до Министерството соодветен сертификат, интегрирана еколошка дозвола и друга документација со која се потврдува дека воспоставениот систем ги исполнува барањата за енергетска контрола во рок од 30 дена од издавањето на соодветниот сертификат или интегрирана еколошка дозвола (член 15 став (6)).

8) на носителот на лиценца за вршење на енергетска контрола на големите трговци со кој склучил договор за енергетска контрола не му ги достави на увид сите податоци, техничка и друга документација за предметот за енергетска контрола и не му овозможи услови за непречено вршење на енергетска контрола (член 16 став (2));

9) не обезбеди информации до потрошувачите согласно со членот 22 став (5);

10) не ги исполнува обврските од членот 33 став (10) од овој закон;

11) не ја достави потврдата за усогласеност од членот 33 став (5) од овој закон на купувачите или закупците на зграда или градежна единица (член 33 став (11));

12) не го истакне сертификатот за енергетски карактеристики на згради на видно место (член 33 став (12));

13) не врши редовни проверки на системите за греење и климатизација (член 34, ставови (1) и (2));

14) не ја спроведе енергетската контрола на згради согласно одредбите на Правилникот за енергетска контрола на згради од членот 38 став (1);

15) не го достави сертификатот за енергетски карактеристики на згради до Министерството во рок од 15 дена по издавањето (член 42 став (2));

16) не ја истакне на видно место етикетата со која се означува класата за енергетска ефикасност (член 43 став (2) точка 1));

17) не им обезбеди пристап на потрошувачите до информативен лист за производот, а по барање на потрошувачот не го обезбеди информативниот лист и во печатена форма на местото на продажба (член 43 став (2) точка 2));

18) етикетите и информативните листови што ги обезбедува содржат неточни информации (член 43 став (2) точка 3));

29) не обезбеди во секое време пристап до техничката документација и на барање на надлежниот инспектор не ја обезбеди електронската верзија на документацијата на увид(член 43 став (2) точка 4));

20) без согласност од потрошувачот извршил измени кои се применливи на производот преку ажурирање или на друг сличен начин, а таквите измени ги намалиле параметрите на енергетската ефикасност на производот во однос на оние параметри кои се наоѓаат на етикетата за енергетска ефикасност (член 43 став (4));

21) не го известил потрошувачот за целта на ажурирањето и измените во параметрите, вклучувајќи измени на класата на енергетска ефикасност на производот (член 43 став (4));

22) не му дал можност на потрошувачот да не го ажурира производот без притоа да претрпи губење на функционалноста на самиот производ (член 43 став (4));

23) стави во промет, односно не го отстрани од промет производот за кој надлежен орган во Република Северна Македонија или во земја членка на Европската Унија или договорна страна на Енергетската Заедница утврди дека е направен на начин да има различни перформанси при тестирање во однос на реалните перформанси и притоа реалните перформанси за кој било параметар се надвор од пропишаните, согласно со соодветен стандард или согласно со документацијата доставена со производот (член 43 став (5));

24) не укажува на енергетската класа на производот и на распонот на енергетски класи достапни на етикетата при визуелно огласување или во промотивни материјали (член 43 став (6) точка 1));

25) не соработуваат со Државниот пазарен инспекторат и останати надлежни тела за надзор на пазарот како и не презема итни активности за спречување повреда на прописите за енергетско означување на производи, по негова иницијатива или по налог на инспектор (член 43 став (6) точка 2));

26) нуди ознаки или истакнува ознаки, етикети, симболи или било какви знаци кои не се во согласност со применливите прописи, а кои би можеле да ги наведат или збунат потрошувачите во врска со потрошувачката на енергија или друг ресурс при користење на производот (член 43 став (6) точка 3));

27) за производите кои не се предмет на овој закон доставува или истакнува етикети за енергетска ефикасност кои се визуелно слични со етикетите кои се истакнуваат согласно со овој закон (член 43 став (6) точка 4));

28) не доставуваат годишни извештаи најдоцна до 31 март во тековната година за претходната година (член 43 став (9));

29) стави во промет, увезе и/или стави во употреба производи кои не ги исполнуваат утврдените технички барања во врска со еко дизајнот (член 44 став (1) точка 1));

30) стави во промет производи чија сообразност не е утврдена во пропишана постапка согласно прописите за оцена на сообразност (член 44 став (1) точка 2));

31) става во промет производи кои не се означени во согласност со уредбата од член 44 став (2) од овој закон (член 44 став (1) точка 3)) и

32) не достави годишен извештај (член 44 став (3)).

(2) За прекршоци сторени од користољубие или за прекршоци со кои се предизвикува поголема имотна штета, може да се пропише глоба до двојниот износ од максимумот или во сразмер со висината на причинетата штета или прибавената корист, но најмногу до десеткратен износ од максимумот на глобата од ставот (1) на овој член.

(3) Глоба во износ од 100 до 500 евра во денарска противвредност се изрекува за прекршок на физичко лице за прекршок за дејствијата од ставот (1) точки 7) , 8) , 9) , 10) , 11) , 12) , 13) , 14) , 15) , 16) , 17) , 18) , 19) , 20) , 21) , 22) , 23) , 24) , 25) , 26) , 27) , 28) , 29) , 30) , 31) и 32) на овој член.

(4) Глоба во износ од 100 до 1.000 евра во денарска противвредност се изрекува за прекршок за дејствијата од ставот (1) на овој член и на одговорното лице во правното лице.

**Член 52**

(1) Глоба во износ од 500 до 10.000 евра во денарска противвредност, се изрекува за прекршок на снабдувачот на производите што користат енергија од членот 43 став (1) од овој закон, ако:

1) производите што ги става во промет не се означени во согласност со овој закон и прописите донесени согласно овој закон (член 43 став (3) точка 1));

2) не ја истакне етикетата со која се означува класата на енергетска ефикасност на видно место и без надомест (член 43 став (3) точка 2));

3) не овозможи пристап до информативниот лист за производот како дел од упатство или друга соодветна документација за производот (член 43 став (3) точка 3)) и

4) не обезбеди точност на податоците содржани во етикетите и информативниот лист, како и на дополнителни технички податоци што ги придружуваат производите кои овозможуваат проверка на точноста на етикетите и информативниот лист (член 43 став (3) точка 4)).

(2) Глоба во износ од 100 до 1.000 евра во денарска противвредност се изрекува за прекршок за дејствијата од ставот (1) на овој член и на одговорното лице во правното лице.

**Член 53**

(1) Глоба во износ од 100 до 500 евра во денарска противвредност се изрекува за прекршок за енергетскиот контролор, ако:

1) не ја врши енергетската контрола во согласност со Правилникот за енергетска контрола на големите трговци (член 16 став (1));

2) не ја врши енергетската контрола на големите трговци на објективен и независен начин (член 17-в став (1));

3) врши енергетска контрола на голем трговец кај нарачател правно лице спротивно на членот 17-в став (1) точки 1), 2) и 3) од овој закон;

4) врши енергетска контрола на голем трговец спротивно на членот 17-в став (2) од овој закон;

5) не ја врши енергетската контрола во согласност со Правилникот за енергетска контрола на згради (член 38 став (2));

6) не ја врши енергетската контрола на згради на независен и објективен начин (член 39-в став (1) точки 1), 2) и 3));

7) врши енергетска контрола на згради кај нарачател правно лице спротивно на членот 39-в став (1) од овој закон и

8) врши енергетска контрола на згради спротивно на членот 39-в став (2) од овој закон.

(2) За прекршоци сторени од користољубие или за прекршоци со кои се предизвикува поголема имотна штета, може да се пропише глоба до двојниот износ од максимумот или во сразмер со висината на причинетата штета или прибавената корист, но најмногу до десеткратен износ од максимумот на глобата од ставот (1) на овој член.

(3) Покрај глобата од ставовите (1) и (2) на овој член, на енергетскиот контролор може да му се изрече и прекршочна санкција забрана на вршење дејност во траење до 30 дена.

**Член 54**

(1) Глоба во износ од 500 до 1.000 евра во денарска противвредност се изрекува за прекршок на носителот на лиценца за вршење на енергетска контрола, ако:

1) не води евиденција за извршените енергетски контроли, а документацијата за извршените контроли не ја чува најмалку десет години (член 19 став (6) и член 41 став (6));

2) во рок од 15 дена од настаната промена не го извести министерството за секоја настаната промена во уписот во трговскиот регистар или регистарот за други правни лица и/или во врска со промената на вработените енергетски контролори во согласност со членот 19 став (7), односно членот 41 став (7) од овој закон;

3) до 31 декември во тековната година не доставил до министерството доказ од надлежен орган за водење на евиденција на вработени лица согласно со членот 19 став (12), односно членот 41 став (13) од овој закон;

4) не доставил до Министерството годишен извештај за спроведените енергетски контроли во претходната календарска година согласно со членот 19 став (13), односно членот 41 став (14) од овој закон;

5) издаде сертификат кој е издаден спротивно на барањата од Правилникот за енергетски карактеристики на згради (член 32 став (3).

(2) За прекршоци сторени од користољубие или за прекршоци со кои се предизвикува поголема имотна штета, може да се пропише глоба до двојниот износ од максимумот на глобата од ставот (1) на овој член или во сразмер со висината на причинетата штета или прибавената корист, но најмногу до десеткратен износ од максимумот на глобата од ставот (1) на овој член.

(3) Глоба во износ од 100 до 1.000 евра во денарска противвредност се изрекува за прекршок за дејствијата од ставот (1) на овој член и на одговорното лице на носителот на лиценца.

(4) Покрај глобата од ставот (1) на овој член на носителот на лиценца за вршење на енергетска контрола може да му се изрече и прекршочна санкција забрана на вршење дејност во траење до 30 дена.

**Член 55**

(1) Глоба во износ од 2.000 до 10.000 евра во денарска противвредност се изрекува за прекршок на оператор на електропреносен систем, оператор на електродистрибутивен систем и/или оператор на систем за пренос или дистрибуција на природен гас или топлинска енергија, ако:

1) планот за инвестирање не содржи мерки и инвестиции за постигнување на трошковно-ефективни енергетски подобрувања на системите за пренос или дистрибуција на електрична енергија, природен гас и топлинска енергија (член 21 став (3));

2) не постапи во согласност со барањето од Регулаторната комисија за енергетика (член 21 став (5));

3) не обезбеди информации за ефикасноста на системот за централно греење, како и за учеството на обновливи извори на енергија (член 21 став (6)).

(2) Глоба во износ од 500 до 1.000 евра во денарска противвредност се изрекува за прекршок за дејствијата од ставот (1) на овој член и на одговорното лице кај операторот.

**Член 56**

(1) Глоба во износ од 100 до 500 евра во денарска противвредност се изрекува за прекршок на овластено службено лице ако издаде одобрение за градба или одобрение за употреба без да ги прибави анализите, доказите и/или потврдите пропишани во членот 24 став (1), членот 33 ставови (5) и (7) и членот 35 став (3) од овој закон.

(2) За прекршоци сторени од користољубие или за прекршоци со кои се предизвикува поголема имотна штета, може да се пропише глоба до двојниот износ од максимумот или во сразмер со висината на причинетата штета или прибавената корист, но најмногу до десеткратен износ од максимумот на глобата од ставот (1) на овој член.

**Член 57**

Во врска со одмерувањето на висината на глобата, како и за сè што не е регулирано со одредбите за прекршоците пропишани со овој закон, се применуваат соодветните одредби на Законот за прекршоците.

## XII. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

### Важење на издадените лиценци за вршење на енергетски контроли и овластувања за енергетски контролори

### Член 58

(1) Сите важечки лиценци, односно овластувања за вршење на енергетски контроли издадени пред влегувањето во сила на овој закон, важат до 31 март 2024 година и со истите можат да се вршат исклучиво енергетски контроли на згради. Министерството за економија по службена должност го усогласува рокот на важност во издадените лиценци, односно овластувања, најдоцна до 30 јуни 2020 година.

(2) Издадените решенија за избор на правните лица за спроведување на обуки на енергетски контролори важат најдоцна до датумот за кој се издадени, без можност за продолжување.

(3) Постапките за издавање на лиценци и овластувања за вршење енергетски контроли кои се започнати пред денот на влегувањето во сила на овој закон, ќе завршат во согласност со одредбите од Законот за енергетика („Службен весник на Република Македонија" број 16/11, 136/11, 79/13, 164/13, 41/14, 151/14, 33/15, 192/15, 215/15, 6/16, 53/16 и 189/16).

(4) Издадените лиценци, односно овластувања согласно со ставот (3) на овој член се со рок на важност до 31 март 2024 година.

(5) Носителите на овластување издадено согласно со ставовите (1), (3) и (4) на овој член, најдоцна до 30 јуни 2022 година доставуваат барање до Министерството за економија за издавање на овластување за вршење на енергетски контроли на згради, со доставување на доказ за завршена обука за усовршување на контролори на згради.

### Обврски на лицата од јавниот сектор

### Член 59

(1) Информацискиот систем од членот 11 од овој закон ќе се воспостави најдоцна 18 месеци од денот на донесување на овој закон. Обврските на лицата од јавниот сектор од членот 11 овој закон ќе се применуваат шест месеци од денот на воспоставување на информацискиот систем.

(2) МВП алатката од членот 12 од овој закон ќе се воспостави најдоцна 18 месеци од денот на донесување на овој закон. Обврските на лицата од јавниот сектор од членот 12 овој закон ќе се применуваат шест месеци од денот на воспоставување на МВП алатката.

(3) Лицата од јавниот сектор се должни согласно со членот 11 став (5) од овој закон да определат одговорни лица од редот на своите вработени или да ангажираат надворешно стручно лице, најдоцна во рок од една година од денот на влегувањето на сила на овој закон.

(4) Лицата од јавниот сектор за просториите и зградите кои се изнајмени во моментот на стапување на сила на овој закон, се должни да прибават соодветен сертификат за енергетски карактеристики на згради од сопствениците на зградите во рок од една година од денот на влегувањето на сила на овој закон.

## Обврски на големите трговци

### Член 60

Големите трговци имаат обврска да ја спроведат првата енергетска контрола согласно обврските пропишани со членот 15 овој закон или да го достават соодветниот сертификат или интегрираната еколошка дозвола и друга документација со која се потврдува дека воспоставениот систем ги исполнува барањата за енергетска контрола пропишани со Правилникот за енергетска контрола на големите трговци, најдоцна до 31 декември 2020 година.

## Енергетска ефикасност при пренос и дистрибуција

### Член 61

Операторите на системите за пренос и дистрибуција на електрична енергија и природен гас, како и операторите на системите за дистрибуција на топлинска енергија согласно со членот 21 од овој закон, се должни да направат процена на намалување на загубите и потенцијалот за подобрување на енергетската ефикасност и да ги доставaт таквите процени до Регулаторната комисија за енергетика најдоцна до 30 јуни 2020 година.

## Спроведување на преглед во однос на развој на пазарот на енергетски услуги

### Член 62

Агенцијата е должна да го спроведе квалитативниот преглед во однос на сегашната состојба и идниот развој на пазарот на енергетски услуги согласно со членот 28 став (2) точка 4) од овој закон најдоцна до 31 декември 2021 година.

## Анализа на алтернативни системи при барање на одобрение за градење

### Член 63

Обврската од членот 35 став (3) од овој закон ќе се применува за барањата за одобрение на градба кои се поднесуваат по 1 јули 2020.

## Означување на потрошувачката на енергија

### Член 64

(1) До влегувањето во сила на Правилникот за означување на потрошувачката на енергија и другите ресурси за производите што користат енергија од членот 43 став (7) од овој закон, во однос на означувањето на потрошувачката на енергија, дефиницијата на терминот „етикета" и обележувањето на енергетските класи на производите се применуваат одредбите од Правилникот за означување на потрошувачката на енергија и другите ресурси за производите што користат енергија („Службен весник на Република Македонија" број 165/16).

(2) До влегувањето во сила на Правилникот за означување на потрошувачката на енергија и другите ресурси за производите што користат енергија од членот 43 став (7) од овој закон, производите што користат енергија кои ги исполнуваат

барањата согласно Правилникот за означување на потрошувачката на енергија и другите ресурси за производите што користат енергија („Службен весник на Република Македонија" број 165/16) можат да бидат предмет на увоз или да се стават во промет.

## Донесување на прописи

### Член 65

(1) Владата донесува:

1) Уредба со која се усвојуваат целите за енергетска ефикасност од членот 5 став (1) од овој закон, најдоцна во рок од три месеци од денот на влегувањето на сила на овој закон;

2) НАПЕЕ за период од три години од членот 6 став (1) од овој закон, најдоцна до 30 јуни 2020 година;

3) Планот за реконструкција на згради кои ги користат лицата од јавниот сектор на државно ниво од членот 10 став (7) од овој закон во рок од шест месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон;

4) Уредба со која се утврдува ОШЕЕ од членот 14 став (1) од овој закон најдоцна во рок од шест месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон;

5) Уредба со која подетално се уредуваат договорите за енергетски услуги од членот 27 став (7) од овој закон, во рок од шест месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон;

6) Стратегија за реконструкција на згради за домување, јавни и комерцијални згради од членот 31 став (1) од овој закон, најдоцна во рок од две години од влегувањето во сила на овој закон;

7) Уредба со која се пропишуваат постапките, генеричките и специфичните барања за еко дизајнот, внатрешната контрола и системите за оцена на сообразност, поблиските барања кои треба да ги исполнат трговците, снабдувачите и увозниците на производи што користат енергија во врска со еко дизајнот, како и динамиката и роковите за примената на барањата за еко дизајн на производите што користат енергија од членот 44 став (2) од овој закон, најдоцна во рок од шест месеци од влегувањето во сила на овој закон.

(2) Министерот донесува:

1) Правилник со кој детално се пропишува содржината и формата на програмите за енергетска ефикасност кои ги донесуваат единиците на локалната самоуправа, начинот на изработка, содржината и формата на годишниот план кои ги донесуваат единиците на локалната самоуправа од членот 7 став (9) од овој закон, во рок од шест месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон;

2) Правилник за информациски систем за следење и управување со потрошувачката на енергија кај лицата од јавниот сектор од членот 11 став (4) од овој закон, во рок од 90 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон;

3) Правилник за МВП од членот 12 став (3) од овој закон, во рок од шест месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон;

4) Правилник од членот 13 став (5) од овој закон, во рок од шест месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон;

5) Правилник за енергетска контрола на големите трговци од членот 16 став (1) од овој закон, во рок од шест месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон;

6) Тарифник во врска со енергетските контроли на големи трговци од членот 16 став (5) од овој закон, во рок од шест месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон;

7) Тарифник во врска со енергетските контроли на згради, во рок од 90 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон;

8) Правилник со кој се уредуваат содржината и начинот на изработка на анализата на трошоците и придобивките, како и на проверка на исполнетост на исклучоците од членот 24 од овој закон, во рок една година од денот на влегувањето во сила на овој закон;

9) Правилник за ВЕКП од членот 25 став (11) од овој закон, во рок од 90 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон;

10) Правилник за енергетски карактеристики на зградите од членот 32 став (3) од овој закон, во рок од шест месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон;

11) План за зголемување на бројот на згради со приближно нулта потрошувачка на енергија од членот 36 став (2) од овој закон, во рок од една година од денот на влегувањето во сила на овој закон;

12) Правилник за енергетска контрола на згради од членот 38 став (2) од овој закон, во рок од шест месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон;

13) Правилник со кој подетално се уредуваат постапките за воспоставување и функционирање на системот за верификација, како и начинот на водење на регистарот на сертификатите за енергетски карактеристики на зградите од членот 42 став (4) од овој закон, во рок од шест месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон и

14) Правилник за означување на потрошувачката на енергија и другите ресурси за производите што користат енергија од членот 43 став (7) од овој закон, во рок од шест месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон.

(3) Агенцијата донесува:

1) Програма за обука и усовршување на енергетски контролори на големите трговци согласно со членот 18 став (3) од овој закон, најдоцна до 31 октомври во тековната година за наредниот период од најмногу три години;

2) Тарифник за ГПВЕКП од членот 25 став (6) од овој закон, во рок од 90 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон и

3) Програма за обука и усовршување на енергетски контролори на згради согласно со членот 40 став (3) од овој закон, најдоцна до 31 октомври во тековната година за наредниот период од најмногу три години.

(4) Министерството во соработка со Службата за општи и заеднички работи при Владата подготвува и објавува список на зградите согласно со членот 10 став (2) од овој закон, во рок од 90 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон.

(5) Агенцијата подготвува и објавува Упатство со кое меѓу другото дава насоки и инструкции во врска со договорите на енергетските услуги, постапките и документите за приготвување и започнување на постапка за избор на ЕСКО од страна на лицата од јавниот сектор, а особено од страна на единиците на локалната самоуправа, пропишува методологии и правила во врска со процените

на можните енергетски заштеди, вклучувајќи и модели за студии за исплатливоста (физибилити студии) и други прашања во врска со енергетските услуги и активностите на ЕСКО од членот 28 став (4) од овој закон, во рок од девет месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон.

**Член 66**

Процената на потенцијалот за примена на високоефикасно комбинирано производство на енергија и ефикасни системи за централно греење и климатизација од членот 23 став (1) од овој закон се доставува до Секретаријатот на Енергетската заедница, во рок од една година од денот на влегувањето во сила на овој закон.

**Член 67**

До влегувањето во сила на прописите утврдени со овој закон, ќе се применуваат прописите донесени согласно со Законот за енергетика („Службен весник на Република Македонија" број 16/11, 136/11, 79/13, 164/13, 41/14, 151/14, 33/15, 192/15, 215/15, 6/16, 53/16 и 189/16).

**Завршна одредба**

**Член 68**

Со денот на влегувањето во сила на овој закон престануваат да важат одредбите од Законот за енергетика („Службен весник на Република Македонија" број 16/11, 136/11, 79/13, 164/13, 41/14, 151/14, 33/15, 192/15, 215/15, 6/16, 53/16 и 189/16) кои се однесуваат на енергетската ефикасност.

**Влегување во сила**

**Член 69**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија".

**ЗАВРШНА ОДРЕДБА**
**од Законот за изменување**
**на Законот за енергетска ефикасност**
**("Службен весник на РСМ" бр.110/21)**

**Член 2**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија".

**ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**
**од Законот за изменување и дополнување**
**на Законот за енергетска ефикасност**
**("Службен весник на РСМ" бр.236/22)**

**Член 11**

(1) Носителите на овластувањата за вршење енергетски контроли издадени согласно со Законот за енергетика („Службен весник на Република Македонија" број 16/11, 136/11, 79/13, 164/13, 41/14, 151/14, 33/15, 192/15, 215/15, 6/16, 53/16

и 189/16), доставуваат барање за издавање овластување за вршење енергетска контрола на згради, со доставување уверение за завршена обука за усовршување енергетски контролори на згради до Министерството за економија, најдоцна до 31 јануари 2024 година.

(2) Носителите на овластувањата од ставот (1) на овој член, кои нема да поднесат барање во рокот од ставот (1) на овој член за издавање овластување за енергетски контролор на згради, не може да вршат енергетска контрола на згради сѐ до полагање на испитот од членот 39 од овој закон.

**Член 12**

Првата обука за енергетски контроли на големи трговци ќе започне да се спроведува најдоцна во рок од една година од денот на влегувањето во сила на прописот од членот 16 став (1) од овој закон.

**Член 13**

(1) Правните лица од членот 18 став (2) од овој закон, вршат евалуација на спроведените обуки и ги признаваат завршените обуки спроведени до денот на влегувањето во сила на овој закон, согласно со „Програмата за поттикнување на пазарната трансформација за енергетска ефикасност во индустријата и забрзување на инвестициите во најдобри практики и технологии‟ и „Програмата за Европски енергетски менаџер на EUREM‟, доколку соодветствуваат со Програмата за обуки и за усовршување на енергетските контролори кај големите трговци од членот 18 став (3) од овој закон.

(2) Физичките лица, кои до денот на влегувањето во сила на овој закон завршиле обука и поседуваат доказ за признаена завршена обука од ставот (1) на овој член, доставуваат барање за полагање на испитот за енергетски контролор до Министерството за економија со доставување докази за исполнувањето на условите од членот 17 став (2) точки 1) и 2) од овој закон.

**Член 14**

Подзаконските прописи утврдени со овој закон ќе се донесат во рок најдоцна до 31 март 2023 година.

**Член 15**

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија‟.

**ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**
**од Законот за изменување и дополнување**
**на Законот за енергетска ефикасност**
**(‟Службен весник на РСМ‟ бр.147/24)**

**Член 29**

(1) Овластувањата за вршење на енергетски контроли издадени пред влегувањето во сила на овој закон важат до 30 јуни 2027 година и со истите можат да се вршат исклучиво енергетски контроли на згради. Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини, по службена должност, го усогласува рокот на важност во издадените овластувања, најдоцна до 31 декември 2026 година.

(2) Постапките за издавање на лиценци и овластувања за вршење енергетски контроли кои се започнати пред денот на влегувањето во сила на овој закон, ќе завршат во согласност со одредбите од Законот за енергетика („Службен весник на Република Македонија" број 16/11, 136/11, 79/13, 164/13, 41/14, 151/14, 33/15, 192/15, 215/15, 6/16, 53/16 и 189/16).

(3) Издадените овластувања согласно со ставот (2) на овој член се со рок на важност до 30 јуни 2027 година.

**Член 30**

Подзаконските акти донесени до денот на влегувањето во сила на овој закон, согласно со Законот за енергетска ефикасност (*) („Службен весник на Република Северна Македонија" број 32/20, 110/21 и 236/22), ќе се усогласат со одредбите од овој закон најдоцна шест месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон.

**Член 31**

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија".

**ЗАВРШНА ОДРЕДБА**
**од Законот за изменување**
**на Законот за енергетска ефикасност**
**("Службен весник на РСМ" бр.74/25)**

**Член 3**

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија".

**ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**
**од Законот за изменување и дополнување**
**на Законот за енергетска ефикасност**
**("Службен весник на РСМ" бр.193/25)**

**Член 34**

Министерството ќе ја воспостави МВП алатката од членот 8 од овој закон со кој се менува член 12 став (1) во рок од две години од денот на влегувањето во сила на овој закон.

**Член 35**

(1) Изборот на правно лице за спроведување на обука на енергетски контролори на големи трговци и за спроведување на обука за усовршување на енергетски контролори на големи трговци Министерството ќе го изврши во роккод една година од денот на влегувањето во сила наПравилникотза енергетска контрола на големитетрговци.

(2) Изборот на правно лице за спроведување на обука на енергетски контролори на згради и за спроведување на обука за усовршување на енергетски контролори на згради Министерството ќе го изврши во рок од една година од денот на влегувањетово сила на Правилникот за енергетска контрола на згради.

(3) Првата обука на енергетски контролори на големи трговци и обука за усовршување на енергетски контролори на големи трговци и првата обука на енергетски контролори на згради и обука за усовршување на енергетски контролори на зградисогласно одредбите од овој закон ќе се спроведе во рок од два месеци од денот наизборот на правното лице од ставовите (1) и (2) на овој член.

**Член 36**

Уверенијата за положен испит за енергетски контролориииздадени согласно Законот за енергетска ефикасност (*) („Службен весник на Република Северна Македонија" број32/20, 110/21, 236/22, 147/24 и 74/25) , до денот на влегувањето во сила на овој закон, продолжуваат да важат.

**Член 37**

Започнатите постапки до денот на влегувањето во сила на овој закон ќе продолжат согласно одредбите одЗаконот за енергетска ефикасност (*) („Службен весник на Република Северна Македонија" број32/20, 110/21, 236/22, 147/24 и 74/25) .

**Член 38**

Одредбите од членот 13 од овој закон со кои се менува членот 17 став (2) точка 1) и ставот (6) и членот 26 од овој закон со кои се менува членот 39 став (2) точка 1) и ставот (7) во однос на степенот на образование ќе отпочнат да се применуваат по една година од денот на влегувањето во сила на овој закон.

**Член 39**

Одредбата од членот 29 од овој закон со која се менува член 41 став (1) во однос на бројот навработените соовластување за енергетски контролор на згради ќе отпочне да се применува поедна година од денот на влегувањето во сила на овој закон.

**Член 40**

Подзаконските акти предвидени со овој закон ќе се донесат во рок од две години од денот на влегувањето во сила на овој закон.

**Член 41**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија".

**ЗАВРШНА ОДРЕДБА**
**од Законот за изменување**
**на Законот за енергетска ефикасност**
**("Службен весник на РСМ" бр.134/26)**

**Член 2**

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија".